EUROBAROMETER

*Стандарден Евробарометар*

Европска комисија

# ЕВРОБАРОМЕТАР 72

## ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## ЕСЕН 2009

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**Former Yugoslav Republic of Macedonia**

Ова истражување го нарача Генералниот директорат за комуникации на Европската комисија.

Овој извештај е подготвен за Делегацијата на Европската Унија во поранешна југословенска Република Македонија.

Овој извештај не го претставува гледиштето на Европската комисија.
Толкувањата и мислењата кои се содржани се исклучиво на авторот.

Стандарден Евробарометар 72 / Есен 2009 – TNS Opinion & Social

**Вовед**

**1. Климата во јавното мислење**

1.1. Задоволство од животот
1.2. Проценка на состојбата
1.3. Краткорочни очекувања
1.4. Најважните проблеми за земјата и за граѓаните
1.5. Доверба во институциите

**2. Влијанието на светската економска и финансиска криза**

2.1. Перцепција на генералните трендови
2.2. Влијанието на кризата врз вработеноста
2.3. Последиците од кризата во домаќинствата
2.4. Кој е најспособен да преземе ефикасни мерки против кризата
2.5. Цената за спроведување на реформите

**3. Очекувања од иднината**

3.1. Претставата за појака ЕУ во иднина
3.2. Какви промени се преферираат за животот во иднина
3.3. Каква е иднината на следните генерации
3.4. Емиграцијата - можност за подобар живот

**4. Погледите кон членството во ЕУ**

4.1. Членството во ЕУ - добра или лоша работа?
4.2. Бенефитот од членство во ЕУ
4.3. За или против проширувањето на ЕУ
4.4. Имиџот на ЕУ
4.5. Претставата за ЕУ

**5. Вредности**

5.1. Ставовите кон општествените вредности
5.2. Профилот на индивидуалните вредности
5.3. Кои вредности најдобро ја претставуваат ЕУ?
5.4. Колку државата се меша во животот на граѓаните
5.5. Дали конкуренцијата е гаранција за просперитет?

**6. Предизвиците на глобализацијата**

6.1. Фактори на глобалната моќ и влијание на земјите во светот
6.2. Фактори кои ја одредуваат моќта и влијанието на ЕУ
6.3. Економските, социјалните, безбедносните и културолошките аспекти на глобализацијата
6.4. Како општеството да се соочи со глобалните предизвици?

**Заклучок**
**Технички спецификации**
**Прашалник**

## Вовед

Истражувањето на јавното мислење Стандард Евробарометар се спроведува два пати годишно. Овогодишното, 72. истражување на Стандардниот Евробарометар (ЕВ 72) беше спроведено во 27-те држави-членки на Европската Унија и во трите земји-кандидати – поранешна југословенска Република Македонија[1], Хрватска и Турција, како и во делот на Кипар кој е под турска управа, во периодот од 23 октомври до 18 ноември 2009 година.

Нарачателот на Стандардниот Евробарометар е Општата управа за комуникации на Европската комисија, а го спроведе конзорциумот TNS Opinion & Social, кој го сочинуваат Taylor Nelson Sofres и EOS Gallup Europe. Во поранешната југословенска Република Македонија истражувањето го спроведе TNS Брима, членка на асоцијацијата Gallup International и на Taylor Nelson Sofres. Извештајот го напиша директорот на истражувања на Брима, Ѓорѓи Кимов.

Истражувањето опфати 30.238 испитаници во 27-те земји-членки на Европската Унија и во земјите-кандидати за полноправно членство во ЕУ.

Анкетарите го спроведуваа интервјуто во домовите на учесниците во ова истражување. Примерокот е репрезентативен за мислењето на граѓаните над 15 години и исто така е показател за ставовите и размислувањата на сите социјални, професионални и возрасни групи на населението во градовите и во руралните средини.

Овој извештај ги претставува резултатите од Евробарометарот спроведен во поранешната југословенска Република Македонија. Тој претставува незаменлив извор на информации за перцепцијата на граѓаните за Европската Унија, за нивните надежи и очекувања од Унијата. Со оглед на тоа дека се спроведува повеќе пати годишно, истражувањето ги отсликува промените и различните трендови во јавното мислење во врска со важни теми за земјата и за Унијата, пред сé за периодот јуни - ноември 2009, а за одредени прашања се однесува и на показателите од истражувањата спроведени во и пред 2008 година.

Податоците во ова истражување се претставени со графици и табели кои го отсликуваат јавното мислење во поранешната југословенска Република Македонија во споредба со јавното мислење кај европските испитаници (најчесто EU27). За одредени важни прашања, прикажани се и социо-демографски анализи според пол, образование, професионален статус на испитаниците, тип на населено место итн. Читателот на овој текст треба да има предвид дека сите резултати на ова истражување се проценки, при што релијабилноста варира во зависност од големината на примерокот. Така, на примерок од 1.005 испитаници (колку што имаше во поранешната југословенска Република Македонија), границите на сигурност се следните:

| **Проценти** | 10% или 90% | 20% или 80% | 30% или 70% | 40% или 60% | 50% |
|---|---|---|---|---|---|
| **Отстапувања** | ± 1,9 | ± 2,5 | ± 2,7 | ± 3,0 | ± 3,1 |

[1] Привремениот код на ниеден начин не ја прејудицира дефинитивната номенклатура за оваа земја која ќе биде договорена во согласност со заклучоците од преговорите кои се водат во Обединетите нации.

Во ова истражување заокружувањето е прилагодено така што збирот на податоците секогаш изнесува 100. Различни методи се користени при заокружувањето на податоците во цели бројки и поради тоа во графиконите и во другите носители на податоците, прикажаните бројки може да се разликуваат за процент при собирањето на разни полиња.

Низ целиот текст, споменувањето на граѓаните на поранешна југословенска Република Македонија нема никаква етничка конотација. Изразот, пак, Европеец или европски испитаници, се однесува на оние кои се граѓани на која било од државите-членки на Европската Унија. Кога во текстот се споменува кратенката „EU27“, тоа ја претставува средната вредност на податоците за сите 27 земји-членки на Европската Унија.

„Новите земји-членки“ (или NMS12), кои се приклучија кон Унијата на 1 мај 2004, се Естонија, Кипар, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка, Словенија, Унгарија и Чешката Република, како и Романија и Бугарија, кои се членови од петтото проширување на Унијата.

EU15, или „старите земји-членки“ пред проширувањето во 2004, се Австрија, Белгија, Велика Британија, Германија, Грција, Данска, Ирска, Италија, Луксембург, Португалија, Финска, Франција, Холандија, Шведска и Шпанија.

Во графиците и табелите се користени кратенки за држави и територии според редакцискиот кодекс на ЕУ прикажан во табела во делот на технички спецификации од овој извештај.

Во периодот меѓу двата последни извештаи на Стандардниот Евробарометар (ЕВ71 и ЕВ72), настан од посебно значење за ЕУ е усвојувањето на Лисабонскиот договор од страна на 27-те членки на ЕУ, со што се создадоа услови за спроведување реформи во Унијата. На економски план, охрабрувачки влијаеја знаците дека рецесијата се надминува. Констатирана е економска консолидација во еврозоната со оценка дека рецесијата е технички завршена. На 1 јули 2009, Шведска го презеде од Чешката Република претседателството со Европската Унија.

Во периодот меѓу двата извештаја на Евробарометарот, јавноста во земјата беше под влијание на негативните економски трендови во домашната економија. Падот на производството беше проследен со зголемена несигурност за работните места. Во овој период беше официјално прогласена рецесија на домашната економија. Од друга страна, во земјата се правеа напори за исполнување на одредниците (benchmarks) за одредување датум за почеток на преговорите за полноправно членство на земјата во ЕУ. Во средината на октомври, Европската комисија препорача ЕУ да започне преговори за членство со земјата. Во тој контекст, решавањето на спорот за името на државата со Грција е во фокусот на целата јавност во земјата, со индикации дека реперкусиите од овој проблем создаваат тензична неизвесност во земјата.

## 1. Климата во јавното мислење

### 1.1. Задоволство од животот

**● Задоволството од животот ја отсликува општата клима во јавното мислење**

Додека бројот на граѓаните на Европската Унија кои се задоволни од животот благо се зголемил меѓу двете последни истражувања (77%; 78%), бројот на задоволните во земјава се намалил за еден процентен поен (67%; 66%). Сега во Унијата има, во просек, 12% повеќе задоволни граѓани отколку во земјава.

**Мапа 1**

| | |
|---|---|
| DK | 98% |
| LU | 96% |
| SE | 96% |
| NL | 95% |
| FI | 95% |
| UK | 91% |
| BE | 89% |
| SI | 86% |
| IE | 85% |
| DE | 85% |
| AT | 85% |
| FR | 82% |
| CZ | 82% |
| CY | 81% |
| EU27 | 78% |
| PL | 75% |
| ES | 74% |
| EE | 73% |
| MT | 72% |
| SK | 72% |
| IT | 71% |
| EL | 58% |
| LV | 57% |
| LT | 55% |
| PT | 53% |
| RO | 47% |
| HU | 42% |
| BG | 38% |
| * CY (tcc) 50% | |
| MK | 66% |
| HR | 63% |
| TR | 59% |




Овие резултати ја отсликуваат општата клима во јавното мислење за секоја земја посебно, затоа што поголемиот број задоволни граѓани претставува социјален генератор кој ги зголемува ентузијазмот и мотивираноста за совладување на предизвиците што со себе ги носи глобалната криза.

Најмногу задоволни во ЕУ има во Данска (98%), Луксембург и Шведска (96%), Холандија и Финска (95%) и Обединетото Кралство (91%). Задоволство кај помалку од половината анкетирани е забележано во Романија (47%) и Унгарија (42%), а најмалку задоволни од својот живот се граѓаните на Бугарија (38%).

Што се однесува на останатите две земји-кандидатки, бројот на задоволните во Хрватска е за три процентни поени помал отколку во земјава (63%), а во Турција за седум процентни поени (59%).

Социодемографската анализа покажува дека повеќе задоволни има меѓу помладите испитаници (на возраст до 24 г.), и тоа 77%, а најмалку кај средовечните (на возраст од 40 до 54 г.) 58%. Според професијата, најзадоволни се менаџерите (83%), потоа учениците и студентите (81%), службениците (79%), а најмалку задоволни се невработените (51%). Помалку задоволни се приврзаниците на политичката левица (62%) во однос на оние наклонети кон десницата (71%). Образованието на анкетираните има големо влијание врз задоволството од животот. Оние со пониско образование во значително помал број се задоволни (51%) отколку оние со повисоко образование (76%). Економските тешкотии во семејството исто така го одредуваат задоволството од животот. Во семејствата кои често пати имаат тешкотии да ги платат сметките на крајот на месецот речиси двапати помалку се задоволни (45%) отколку во семејствата кои речиси никогаш немаат такви тешкотии (80%).

### 1.2. Проценка на состојбата

#### • Вработеноста и економската состојба - најголема грижа за Европејците

**Табела 1**

| QA2a Како би ја оцениле моменталната ситуација за секоја од следните области: | Добра | | | | Лоша | | | | Не знае | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јуни 2009 | | октомври 2009 | | јуни 2009 | | октомври 2009 | | јуни 2009 | | октомври 2009 | |
| | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK | EU27 | MK |
| Економијата во земјата | 20% | 25% | 23% | 24% | 78% | 74% | 75% | 75% | 2% | 1% | 2% | 1% |
| Европската економија | 23% | 45% | 29% | 55% | 68% | 47% | 62% | 35% | 9% | 8% | 9% | 10% |
| Светската економија | 15% | 40% | 19% | 47% | 77% | 52% | 72% | 42% | 8% | 8% | 9% | 11% |
| Личната ситуација со работата | 52% | 39% | 54% | 40% | 27% | 51% | 27% | 51% | 21% | 10% | 19% | 9% |
| Финансиската ситуација на домаќинството | 65% | 50% | 64% | 52% | 33% | 49% | 34% | 47% | 2% | 1% | 2% | 1% |
| Вработеноста во земјата | 13% | 8% | 13% | 8% | 85% | 91% | 85% | 91% | 2% | 1% | 2% | 1% |
| Ситуацијата со животната средина во земјата | 44% | 31% | 43% | 30% | 52% | 66% | 53% | 67% | 4% | 3% | 4% | 3% |

Секој четврти анкетиран во земјава е задоволен со состојбата во домашната економија и нивниот број е незначително намален во однос на претходното јунско истражување (25% : 24%), а трипати поголем број граѓани се незадоволни (74% : 75%). Бројот на анкетираните во земјите на ЕУ27 кои се задоволни со состојбата во домашната економија има тенденција на пораст (20% : 23%), што е израз на проценката на граѓаните во голем број земји на Унијата дека економијата во нивните земји почнала да заздравува.

Во Хрватска се продлабочуваат песимистичките проценки за состојбата во економијата - бројот на оние кои оцениле дека состојбата во хрватската економија е подобра се намалил за четири процентни поени, (10% : 6%). Во Турција оценката не се променила така што и во јунското и во октомвриското

истражување нешто повеќе од една четвртина оданкетираните (27%) сметаат дека состојбата во турската економија е добра.

Најновиот Евробарометар бележи значителен пораст на оптимистичките погледи кај домашната јавност кон европската (45% : 55%) и светската економија (40% : 47%). Во земјите на ЕУ27 исто така има значаен пораст на оптимистичката перцепција на состојбата во европската (23% : 29%) и во светската економија 15% : 19%), но, сепак, двојно помалку жители на ЕУ во однос на граѓаните во земјава ја делат оценката дека европската и светската економија се во добра состојба. Оваа разлика веројатно се должи на фактот што последиците од економската криза во земјава се послаби и доаѓаат со извесно задоцнување.

Последните истражувања покажуваат благо зголемување на бројот на граѓаните во Унијата кои се задоволни од личната ситуација со работата (52%: 54%). Во земјава бројот на задоволни граѓани пораснал за само еден процентен поен (39%: 40%). Значен показател за понеповолна клима во домашната јавност е податокот дека во земјава за 14 процентни поени е помал бројот на анкетирани кои оцениле дека нивната лична ситуација со работата е добра.

И во Унијата и во земјава, мнозинството граѓани оценуваат дека финансиската ситуација во нивното семејство е добра. Во земјите на ЕУ27 во просек незначително се намалил бројот на анкетирани кои се задоволни од финансиската ситуација во нивното семејство (65%: 64%), а во земјава, во периодот меѓу двете истражувања, бројот на задоволни од финансиската ситуација во семејството благо се покачил (50%: 52%), но факт е дека во земјава значително поголем број испитаници се незадоволни од финансиската ситуација во семејството (49%: 47%) во однос на просекот во Унијата (33%: 34%). Перцепцијата на ситуацијата со вработеноста во земјава е непроменета и е изразено песимистичка. Само 8% анкетирани ја оцениле како добра, а 91% како лоша (само 1% не можеле да оценат). И во Унијата, слично како и во земјава, многу мал број анкетирани (13%) оцениле дека ситуцијата со вработеноста е добра, 85% оцениле дека е лоша и 2% не можеле да оценат.

Анализата на резултатите покажува дека во земјава ситуацијата со вработеноста најмногу ги погодува невработените (од кои дури 94% оцениле дека е лоша, а само 5% ја гледаат како добра) и мануелните работници (од кои исто така 94% ја оцениле како лоша, а 6% како добра). И покрај тоа што големо мнозинство од студентите и учениците ја оцениле ситуацијата со вработеноста во земјата како лоша (81%), нивниот број е за значителни 13 процентни поени помал од оној на невработените и на мануелните работници. Од друга страна, речиси трипати е поголем бројот на студентите кои ситуацијата со вработеноста ја оценуваат како добра (15%). Сепак, најголемо влијание врз перцепцијата на ситуацијата со вработеноста има оценката за економската ситуација во земјата. Секој четврти кој оценил дека економијата во земјата е во добра состојба, смета дека ситуацијата со вработеноста е добра (24%). Наспроти нив, дури еден од 33 анкетирани кои ситуацијата во економијата ја процениле како лоша, оценуваат дека ситуацијата со вработеноста е добра (3%), а 96% од нив ја оцениле како лоша.

Во земјите на ЕУ27 значително поголем број граѓани отколку во земјава ја оцениле ситуацијата со животната средина како добра (44%: 43%). Во земјава, процентот на задоволни од ситуацијата во животната средина е стабилен (31% во јуни и 30% во октомври), но е помал за 13 процентни поени во однос на просекот во Унијата.

### 1.3. Краткорочни очекувања

**● Се намалува оптимизмот во домашната јавност за подобрување на животот во 2010**

**Табела 2**

| QA4a Какви се Вашите очекувања за следните 12 месеци: дали во следните 12 месеци ќе биде подобро, полошо или исто, кога станува збор за: | Подобро | | | | Полошо | | | | Исто | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јуни 2009 | | окт 2009 | | јуни 2009 | | окт 2009 | | јуни 2009 | | окт 2009 | |
| | EU27 | МК | EU27 | МК | EU27 | МК | EU27 | МК | EU27 | МК | EU27 | МК |
| Вашиот живот воопшто | 27% | 36% | 26% | 31% | 14% | 18% | 15% | 19% | 56% | 44% | 56% | 47% |
| Економската ситуација во земјата | 25% | 28% | 28% | 28% | 34% | 36% | 31% | 31% | 36% | 33% | 37% | 37% |
| Финансиската ситуација во Вашето домаќинство | 21% | 29% | 21% | 27% | 18% | 25% | 19% | 21% | 58% | 44% | 57% | 50% |
| Состојбата со вработеноста во земјата | 20% | 22% | 22% | 21% | 44% | 42% | 40% | 36% | 32% | 34% | 34% | 38% |
| Вашата лична ситуација во врска со работата | 19% | 22% | 19% | 22% | 10% | 20% | 11% | 17% | 59% | 50% | 59% | 52% |
| Економската ситуација во ЕУ | 24% | 37% | 30% | 41% | 28% | 19% | 21% | 13% | 38% | 35% | 38% | 34% |
| Економската ситуација во светот | 24% | 35% | 29% | 38% | 30% | 22% | 24% | 15% | 36% | 34% | 36% | 34% |
| Еколошката состојба во земјата | 21% | 39% | 24% | 29% | 27% | 23% | 19% | 23% | 46% | 30% | 51% | 42% |

Најголеми промени во краткорочните очекувања на домашната јавност меѓу двата последни Евробарометри е намалувањето за пет процентни поени (36%: 31%) на бројот на анкетираните кои очекуваат подобрување на нивниот живот во наредната година. Оптимизмот опаѓа со возраста на анкетираните. Повеќе од половината млади на возраст до 24 г. (54%) очекуваат подобар живот во наредната година, додека такви очекувања имаат трипати помалку (18%) анкетирани на возраст 55+ год. Образованието има силно влијание врз очекувањата од животот, па така подобрување очекуваат 20% со пониско образование, а такви очекувања имаат 17 процентни поени повеќе (37%) од испитаниците со повисоко образование. Според занимањето, најмногу оптимисти има меѓу учениците и студентите (61%), менаџерите (33%), самовработените и службениците (32%), а најмалку оптимисти има меѓу пензионерите (14%). Според политичката самоидентификација на анкетираните, оние од политичкиот центар во најмал број (27%) очекуваат подобрување во нивниот живот, следуваат оние од политичката левица (30%), а во најголем број оптимисти се приврзаниците на политичката десница (42%). Перцепцијата на краткорочните перспективи на личен план е цврсто определена од социјалната стратификација. Секој петти (22%) од анкетираните кои сметаат дека им припаѓаат на ниските социјални слоеви, се надева на подобрувања додека такви очекувања има кај двојно повеќе (54%) испитаници кои сметаат дека им припаѓаат на високите социјални слоеви.

Резултатите од истражувањето покажуваат благо опаѓање (за два процентни поени) на оптимизмот во однос на финансиската ситуација во домаќинството (29%: 27%).

Тренд на благо опаѓање на оптимизмот во земјата има и кај очекувањата во областа на вработувањето. И онака малиот број оптимисти во поглед на вработувањето се намалил од 22% во јуни на 21% во октомври оваа година. Слична е и ситуацијата со краткорочните очекувања во врска со личната ситуација со работата. Бројот на оние кои очекуваат подобрување на личната ситуација со работата, останал непроменет во двете последни истражувања (22%).

Резултатите од истражувањето покажуваат дека нема промени (28%: 28%) на краткорочните очекувања за подобрување на домашната економија.

Првите сигнали дека рецесијата во светската економија е надмината (кои се појавија во втората половина на 2009), поттикнаа бран на надеж и очекувања кај светската јавност дека на повидок е позитивен пресврт. Ваквите охрабрувачки знаци се одразија на расположението на јавноста и во земјава и во Унијата. Истражувањето на Евробарометарот бележи општ тренд на пораст на оптимизмот во поглед на подобрување на европската економија: од шест процентни поени во ЕУ (24%: 30%) и четири процентни поени во земјава (37%: 41%). Слична е ситуацијата и во однос на очекувањата за подобрување на економијата во светот. Очекувањата за подобрување на светската економија во ЕУ пораснале за пет процентни поени (24%: 29%), а во земјава за три процентни поени (35%: 38%).

Најголемите разлики во краткорочните очекувања на граѓаните во Унијата и во домашната јавност се однесуваат на еколошката ситуација. Додека во Унијата за три процентни поени повеќе анкетирани очекуваат подобрување (21%: 24%), во земјава таквите очекувања се намалиле за 10 процентни поени (39%: 29). Промените во очекувањата на домашната јавност во однос на еколошката ситуација покажува дека оптимизмот се намалил за сметка на порастот на оние кои не очекуваат никакви промени (30%: 42%) и намалениот број на оние кои не знаеле како да одговорат на ова прашање (8%: 6%).

## 1.4. Најважни проблеми за земјата и за граѓаните

**● Загриженоста поради невработеноста во пораст кај домашната јавност**

- Два најважни проблема со кои се соочува државата

**Табела 3**

| **QA5a** Според Вас, кои се двете најважни прашања со кои нашата земја се соочува во овој момент? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 |
| Криминал | 16% | 19% | 24% | 27% |
| Економската ситуација | 42% | 40% | 56% | 50% |
| Порастот на цените, инфлација | 21% | 19% | 15% | 13% |
| Оданочувањето | 7% | 8% | 3% | 5% |
| Невработеноста | 49% | 51% | 68% | 64% |
| Тероризам | 5% | 4% | 2% | 2% |
| Одбрана / Надворешни работи | 1% | 2% | 2% | 3% |
| Станбено прашање | 5% | 5% | 1% | 2% |
| Имиграција | 9% | 9% | 2% | 3% |
| Здравствен систем | 14% | 14% | 5% | 5% |
| Образовен систем | 7% | 7% | 4% | 3% |
| Пензии | 9% | 9% | 3% | 4% |
| Животната средина | 5% | 4% | 0% | 3% |
| Енергија | 2% | 3% | 1% | 3% |
| Друго | 1% | 1% | 5% | 6% |
| Ниедно | 0% | 0% | 0% | - |
| Не знае | 1% | 0% | 1% | 1% |

Перцепцијата на најважните проблеми во јавноста во сите земји опфатени со Евробарометарот е во контекст на закрепнувањето на економиите во некои земји во Унијата, како и во пошироки светски рамки. Во периодот меѓу двете последни истражувања, надежите на домашната јавност дека овие позитивни трендови ќе се рефлектираат и врз домашната економија влијаеле на намалување на бројот на анкетираните кои сметаат дека невработеноста е еден од двата најголеми проблема во земјата за четири процентни поени (68%: 64%). И покрај ова значајно намалување, проблемот на невработеноста останува на врвот на листата на прашања кои ги загрижуваат граѓаните. Како и во претходното истражување, втор најголем проблем во земјата останува економската ситуација, но неа како најважен проблем сега ја гледаат шест процентни поени помалку анкетирани (56%: 50%). На трето место е криминалот, на кој укажуваат три процентни поени повеќе анкетирани во однос на претходното истражување (24%: 27%).

Невработеноста останува на прво место на листата на проблеми во земјите на ЕУ27. И покрај охрабрувачките показатели за економско закрепнување, загриженоста меѓу граѓаните на ЕУ поради невработеноста во просек пораснала за два процентни поени (49%: 51%). Од друга страна, во благо опаѓање е загриженоста од економската ситуација во просек за два процентни поена (42%: 40%), за колку што опаднала и загриженоста од порастот на цените и инфлацијата (21%: 19%). Во истиот период, на криминалот како на најголем

проблем укажуваат три процентни поени повеќе анкетирани (16%: 19%) и сега тој на листата го дели третото место со порастот на цените и инфлацијата.

- <u>Двата најважни проблема со кои граѓаните лично се соочуваат</u>

**Табела 4**

| **QA6a** Според Вас, кои се двата најважни проблема со кои се соочувате во моментов? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 72.4 октомври 2009 | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 72.4 октомври 2009 |
| Криминал | 8% | 8% | 7% | 9% |
| Економската ситуација | 26% | 26% | 48% | 44% |
| Порастот на цените, инфлација | 38% | 38% | 30% | 29% |
| Оданочувањето | 11% | 13% | 6% | 7% |
| Невработеноста | 21% | 20% | 43% | 48% |
| Тероризам | 2% | 2% | 2% | 1% |
| Одбрана / Надворешни работи | 1% | 1% | 1% | 2% |
| Станбено прашање | 6% | 6% | 4% | 5% |
| Имиграција | 4% | 4% | 2% | 2% |
| Здравствен систем | 17% | 18% | 10% | 9% |
| Образовен систем | 9% | 9% | 6% | 6% |
| Пензии | 15% | 15% | 7% | 9% |
| Животната средина | 5% | 5% | 1% | 5% |
| Енергија | 3% | 6% | 2% | 4% |
| Друго | 2% | 1% | 3% | 2% |
| Ниедно | 7% | 5% | 5% | 2% |
| Не знае | 1% | 1% | 0% | 1% |

Најновиот Евробарометар во земјава покажува дека невработеноста и економската ситуација ги заменија местата на листата на најважните проблеми со кои граѓаните лично се соочуваат. Во претходното, јунско истражување, најголем проблем за најголем број анкетирани (48%) беше економската ситуација. Во меѓувреме, намалувањето на обемот на работата на компаниите во земјата доведе до отпуштање на вработените во некои од нив. Ваквата ситуација придонесе стравот од невработеноста да се зголеми за пет процентни поени (43%: 48%) и тој да ја потисне загриженоста за економската ситуација на второто место (48%: 44%).

Социо-демографската анализа покажува дека личната загриженост поради невработеноста меѓу двете последни истражувања се зголемила за седум процентни поени кај менаџерите (24%: 31%) и кај мануелните работници (32%: 39%), а за три кај службениците (36%: 39%). Драстична промена во загриженоста од невработеноста има кај домаќинките – таа се зголемила за 31 процентен поен (27%: 58%). Кај најбројниот социјален сегмент во земјава - невработените, загриженоста и натаму е присутна во големо мнозинство (73%: 72%).

На трето место на листата на проблеми кои лично ги погодуваат граѓаните останува порастот на цените и инфлацијата – загрижноста поради него се намалила само за еден процентен поен (30%: 29%).

Во Унијата, листата на проблемите кои лично ги засегаат граѓаните практично не се променила. Во Унијата најмногу граѓани, како и во претходното истражување, лично се засегнати од порастот на цените и инфлацијата (38%), следува засегнатоста од економската ситуација (26%), а на трето место е засегнатоста со невработеноста, која опаднала само за еден процентен поен

(21%: 20%). Во Унијата, значителен број испитаници се засегнати од ситуацијата во здравствениот систем (17%: 18%) и пензиите (15%).

Граѓаните во земјава во значително помал број во однос на просекот во ЕУ27 изјавиле дека лично се засегнати со проблемите во здравствениот систем (10% : 9%) и пензиите (7%: 9%).

### 1.5. Доверба во институциите

- **Европејците повеќе и веруваат на Европската Унија отколку на националните влади**

- <u>Доверба во националните институции</u>

Големо влијание врз вкупната клима во јавното мислење има нивото на доверба на граѓаните во националните институции и во меѓународните организации. Во периодот меѓу двата последни Евробарометра (јуни – октомври 2009), генерална тенденција во земјите опфатени со истражувањата е намалената склоност на јавноста да им верува на националните институции.

**Табела 5**

| **QA10** Колку им верувате на одредени институции: | | EU27 | | МК | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | март 2008 | окт. 2009 | март 2008 | окт. 2009 |
| Армијата | Склони да верувате | 70% | 64% | 65% | 59% |
| | Склони да не верувате | 20% | 26% | 25% | 27% |
| | Не знае | 10% | 10% | 10% | 14% |

Во земјава, најголем број анкетирани граѓани се склони да & веруваат на Армијата, и покрај тоа што меѓу двете последни истражувања таа се намалила за шест процентни поени (65%: 59%).

**Табела 6**

| **QA10** Колку им верувате на одредени институции: | | EU27 | | МК | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | окт. 2008 | окт. 2009 | окт. 2008 | окт. 2009 |
| Регионалните или локалните власти | Склони да верувате | 50% | 50% | 28% | 36% |
| | Склони да не верувате | 44% | 43% | 65% | 52% |
| | Не знае | 6% | 7% | 7% | 12% |

На второ место се органите на локалната власт, во кои довербата се зголемила за осум процентни поени (28%: 36%) и кои, од третото место во претходното, се искачиле на второто место во последното истражување.

**Табела 7**

| **QA10** Колку им верувате на одредени институции: | | EU27 | | МК | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | јуни 2009 | окт 2009 | јуни 2009 | окт 2009 |
| Правосудството | Склони да верувате | 48% | 43% | 23% | 20% |
| | Склони да не верувате | 47% | 51% | 71% | 71% |
| | Не знае | 5% | 6% | 6% | 9% |
| Политичките партии | Склони да верувате | 19% | 16% | 15% | 14% |
| | Склони да не верувате | 76% | 79% | 81% | 80% |
| | Не знае | 5% | 5% | 4% | 6% |
| Националната влада | Склони да верувате | 32% | 29% | 36% | 31% |
| | Склони да не верувате | 63% | 65% | 60% | 59% |
| | Не знае | 5% | 6% | 4% | 10% |
| Парламентот | Склони да верувате | 32% | 30% | 27% | 25% |
| | Склони да не верувате | 61% | 63% | 68% | 66% |
| | Не знае | 7% | 7% | 5% | 9% |

На трето место на листата на доверба во националните институции се наоѓа Владата (36% : 31%). На Владата подеднакво се склони да & веруваат и мажите и жените (31%). Според возраста, помалку се склони да & веруваат младите до 24 г. (26%) отколку повозрасните на возраст 55+ г. (35%). Според занимањето, во најмал дел се склони да & веруваат невработените (26%) и самовработените (27%), а најголема поддршка Владата ужива меѓу менаџерите (37%) и пензионерите (36%). Според политичката ориентација на анкетираните, најмала е поддршката кај приврзаниците на политичкиот центар (26%), кај оние од левицата поддршката е на ниво на просекот во државата (31%), а за 12 процентни поени поголема од просечната е поддршката на испитаниците кои се самоидентификуваат со политичката десница (43%).

На четврто место на листата на довербата во националните институции е Парламентот, во кој довербата спласнала за два процентни поена (27%: 25%). На претпоследното, петто, место се правосудните органи во кои довербата се намалила за три процентни поени (23%: 20%). На последно место на листата на доверба се политичките партии во кои и онака ниската доверба се намалила за уште еден процентен поен (15%:14%).

Јавноста во земјите на ЕУ исто така е помалку склона да верува во националните институции. И во Унијата на прво место на листата се армиите, иако таа доверба во меѓувреме спласнала за значајни шест процентни поени (70%: 64%). Следуваат локалните и регналните власти, кај кои нивото на доверба не се променило меѓу двете истражувања (50%). На трето место се правосудните органи во кои довербата опаднала за пет процентни поени (48%: 43%). На четврто место се националните парламенти во кои, во просек, довербата опаднала за два процентни поена (32%; 30%). На петтото, претпоследно место се владите на земјите во ЕУ во кои довербата се намалила за три процентни поени (32%: 29%) и на последното место се политичките партии во кои и онака малата доверба дополнително се „истенчила“ за три процентни поени (19%:16%),

-Доверба во меѓународни организации

**Табела 8**

| **QA10** Колку им верувате на одредени институции: | | EU27 | | МК | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | јуни 2009 | окт 2009 | јуни 2009 | окт 2009 |
| Европската Унија | Склони да верувате | 47% | 48% | 54% | 62% |
| | Склони да не верувате | 41% | 40% | 37% | 29% |
| | Не знае | 12% | 12% | 9% | 9% |
| Обединетите нации | Склони да верувате | 53% | 55% | 56% | 57% |
| | Склони да не верувате | 31% | 30% | 33% | 31% |
| | Не знае | 16% | 15% | 11% | 12% |

Довербата во меѓународните институции е во пораст. Кај домашната јавност е поизразен трендот на зголемена доверба во меѓународните институции споредено со просечниот пораст на довербата во земјите од ЕУ. Меѓу двете последни истражувања, довербата на домашната јавност во ЕУ пораснала за осум процентни поени (54%: 62%) додека во земјите на ЕУ довербата во Унијата бележи благ пораст од еден процентен поен (47%: 48%).

**Табела 9**

| **QA10** Колку им верувате на одредени институции: | | EU27 | | МК | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | окт 2008 | окт 2009 | окт 2008 | окт 2009 |
| НАТО | Склони да верувате | 43% | 48% | 47% | 54% |
| | Склони да не верувате | 38% | 33% | 40% | 33% |
| | Не знае | 19% | 19% | 13% | 13% |

Довербата во НАТО кај граѓаните во земјава пораснала за седум процентни поени (47%: 54%) и е нешто поголема од просечниот пораст на довербата во рамки на Унијата од пет процентни поени (43%: 48%). Најмала промена и во земјава и во ЕУ има довербата во ООН. Во државите на ЕУ довербата се зголемила за два (53%: 55%), а во земјава за еден процентен поен (56%: 57%).

## 2. Vlijanieto na svetskata ekonomska i finansiska kriza

### 2.1. Перцепција на генералните трендови

### ● Пораст на оптимизмот за насоката во која се движи Унијата

Ставот на анкетираните граѓани во земјата во однос на прашањето дали работите одат во правилна или во погрешна насока, во октомври бележи одредени разлики во однос на јуни 2009 година. Имено, процентот на одговорите дали работите одат во правилна насока во ова истражување се намалил од 39% на 35%.

**Графикон 1**




Исто така се намалил и бројот на анкетираните кои сметаат дека земјата оди во погрешна насока (од 43% на 34%) за сметка на оние кои одговориле „ниту едното ниту другото", чиј број се зголемил за 10 процентни поени (16%: 26%), а исто така и одговорите „не знам" во ова истражување се зголемиле за три процентни поени (2%: 5%).

Кај анкетираните од земјите-членки на ЕУ има благ пораст на одговорите дека нивните земји одат во правилна насока, и тоа од 27% (јуни 2009) до 30% (октомври 2009), а процентот на ставовите дека нивните земји одат во погрешна насока се намалил од 50% (јуни 2009) на 47% (октомври 2009). Најнезадоволни со состојбата во нивните земји се анкетираните од Летонија (79%) и Литванија (77%).

Анализирајќи ги одговорите на анкетираните од земјава во однос на оние во државите на ЕУ и во останатите две земји-кандидатки за влез во ЕУ (Хрватска и Турција), видливо е дека испитаниците во земјава се поопимистични од

останатите земји во однос на тоа дали земјата оди во правилна насока, особено во однос на Хрватска каде што тој процент е 12% во ова истражување.

Кај граѓаните во земјава се зголемува чувството на неопределеност во однос на правецот во кој оди земјата, најверојатно поради нејасната ситуација околу решавањето на проблемот со името кој таа го има со Грција.

Запрашани за тоа дали работите одат во правилна насока во ЕУ, анкетираните од нашата земја повторно имаат најпозитивен став кој во октомври се зголемил на 58% во споредба со 53% во јуни, во однос на анкетираните од земјите-членки на ЕУ (40%) и земјите кандидатки (ХР 33%, ТР 36%). Видлив е извесен оптимизам кај анкетираните од ЕУ, кои во ова истражување со 40% сметаат дека работите во Унијата се движат во правилна насока (во јуни тоа го сметале 34%). Во исто време, одговорите дека работите одат во погрешна насока од 35% во јуни се намалиле на 28% во октомвриското истражување. Слична е и тенденцијата на одговори на анкетираните од Хрватска – 33% од нив во октомври сметале дека работите во ЕУ одат во правилна насока, додека во јуни тоа го мислеле 25%.

### 2.2. Влијанието на кризата врз вработеноста

**● Пооптимистичка перцепција на трендовите на пазарот на трудот**

Во есенското истражување, анкетираните во земјава во речиси еднаков дел (46%: 47%) сметаат дека влијанието на економската криза врз пазарот на трудот го достигнала својот максимум, но и дека најлошото допрва следува. За споредба, во мај 25% од испитаниците сметале дека кризата го достигнала максимумот, а 64% дека најлошото допрва доаѓа.

**Табела 10**

| **QC1** Некои аналитичари велат дека влијанието на економската криза врз пазарот на труд веќе го има достигнато својот максимум и дека работите ќе се подобрат постепено, додека, пак, други го велат спротивното, дека најлошото допрва ќе се случува. Која од овие две изјави е поблиска до вашето мислење? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.2 мај 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 | ЕВ 71.2 мај 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 |
| Влијанието на кризата врз работните места веќе го има достигнато својот максимум | 28% | 38% | 25% | 46% |
| Најлошото допрва ќе се случува | 61% | 54% | 64% | 47% |
| Не знае | 11% | 8% | 11% | 7% |

Слични одговори во мај дале и анкетираните од ЕУ27 - 28% сметале дека кризата го достигнала максимумот, а 61% дека најлошото допрва доаѓа. Во октомври и кај нив процентот на позитивни одговори во врска со кризата се зголемил на 38%, а негативните ставови се намалиле на 54%. Анкетираните во балтичките земји-членки на ЕУ, Литванија и Летонија, се најмалку оптимисти во однос на кризата, па така 77% од Литванците сметаат дека кризата сé уште не го достигнала максимумот, а тој став го делат и 74% Летонци.

Анкетираните во Хрватска се значително песимистички расположени по ова прашање и 68% од нив сметаат дека најлошото на пазарот на трудот сé уште не го достигнало својот максимум.

**Социо-демографската анализа** на одговорите од истражувањето од октомври 2009 во земјава покажуваат дека 66% од анкетираните од југоисточниот

регион сметаат дека најлошото е зад нас, а 61% од анкетираните во Полошкиот регион сметаат дека најлошото допрва доаѓа. Од анкетираните кои се изјасниле дека се задоволни со состојбата во националната економија, 67% сметаат дека кризата на пазарот на трудот веќе го достигнала максимумот, а 29% дека допрва доаѓа. За разлика од нив, 32% од незадоволните и загрижените за националната економија сметаат дека кризата поминала, а 61% дека таа допрва ќе дојде на пазарот на трудот.

Од оние кои сметаат дека земјата се движи во правилна насока, 62% мислат дека економската криза го достигнала максимумот, а 33% дека допрва доаѓа. За разлика од нив, 59% од оние кои мислат дека земјата се движи во погрешна насока сметаат дека кризата допрва доаѓа, а 35% дека поминала, односно го достигнала максимумот.

Според занимањето на анкетираните, најзагрижени за ситуацијата на пазарот на трудот и негативното влијание на економската криза се невработените, лицата кои претежно се дома без работни обврски и пензионерите, додека кај останатите занимања (самовработени, менаџери, работници, службеници) преовладува оптимизмот.

### 2.3. Последиције од кризата во домаќинствата

**● Сé повеќе семејства во земјава живеат од ден за ден**

Во октомври се зголемил бројот на анкетираните во земјата кои се изјасниле дека нивната моментална ситуација во домаќинството не им дозволува да прават никакви планови за иднината и дека живеат од ден за ден (од 50% во јуни на 56% во октомври). Речиси една третина (30%) и во јуни и во октомври се изјасниле дека знаат што ќе прават во следните шест месеци, а 14% во јуни и 12% во октомври рекле дека имаат долгорочна перспектива за тоа што ќе прави нивното домаќинство во наредните две години.

**Табела 11**

| **QC2** Која од следниве изјави најдобро ја отсликува ситуацијата во вашето домаќинство? | **EU 27** | | **MK** | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 72.4 октомври 2009 | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 72.4 октомври 2009 |
| Вашата моментална ситуација не ви дозволува да правите планови за во иднина, Вие живеете ден за ден | 35% | 35% | 50% | 56% |
| Вие знаете што ќе правите во следните шест месеци | 29% | 32% | 30% | 30% |
| Вие имате долгорочна перспектива за тоа што ќе прави вашето домаќинство во следните 2 години | 31% | 28% | 14% | 12% |
| Друго | 1% | 2% | 1% | - |
| Не знае | 4% | 3% | 5% | 2% |

Анкетираните граѓани од ЕУ27 во ист процент и во јунското и во октомвриското истражување (35%) рекле дека живеат ден за ден. Во благ пораст се одговорите на анкетираните кои знаат што ќе прават во наредните шест месеци (од 29% во јуни на 32% во октомври). Одговорите на оние со поизвесни перспективи за во наредните две години се намалиле од 31% во јуни на 28% во октомври. Ако ги анализираме податоците по земји-членки на ЕУ, можеме да заклучиме дека со кризата најтешко се справуваат Летонците (65%), потоа

турскиот дел на Кипар (62%), а следуваат граѓаните на Бугарија со 61% и Унгарците со 60%.

И во Хрватска, земја-кандидат за членство во ЕУ, се зголемил бројот на оние кои тврдат дека тешко живеат (од 43% на 53%). Во Турција, исто така земја-кандидат, ист процент на граѓани (64%) и во јуни и во октомври се изјасниле дека живеат од ден за ден.

**Социо-демографската анализа** открива дека во земјава најзасегнати од економската криза се граѓаните кои имаат тешкотии во плаќањето на своите домашни сметки, па така три четвртини од нив (75%) велат дека живеат од ден за ден. Веднаш по нив се анкетираните кои се изјасниле дека не се задоволни со својот живот - 73% од нив рекле дека нивната моментална ситуација не им дозволува да прават планови за во иднина.

Анкетираните кои себеси се ставиле на ниската скала во општеството, како и невработените (69%), изјавуваат дека нивната моментална ситуација не им дозволува да прават какви било планови за иднината.

Податоците покажуваат дека со зголемувањето на возраста се зголемуваат и одговорите на анкетираните дека живеат од ден за ден, и тоа: 38% од младата популација (15-24 години), 56% од популацијата на вораст од 25 до 39 години, 59% од оние од 40 до 54 години и 65% од оние на возраст 55+.

Анкетираните од едночлените домаќинства се најмногу загрижени (66%) и изјавуваат дека живеат од ден за ден, кај двочлените тој процент изнесува 59%, кај тричлените е 55%, а најмал е процентот кај четиричлените домаќинства - 53%.

Забележлива е разликата во одговорите кај анкетираните со различен став кон ситуацијата во националната економија. Повеќе од две третини (68%) од анкетираните кои не се задоволни и се загрижени за состојбата во националната економија, се незадоволни со состојбата во нивното домаќинство, а само 38% од анкетираните кои имаат позитивен став и не се загрижени за ситуацијата во националната економија, се незадоволни со состојбата во своето домаќинство и живеат од ден за ден.

Индикативни се и одговорите на анкетираните кои се изјасниле за и против реформите во земјата. Истражувањето покажува дека од кризата еднакво се погодени анкетираните во домаќинствата кои се „за“ реформите (55%) и оние кои се „против“ реформите (56%).

Според вкрстените податоци на одговорите на ова прашање, анкетираните од Вардарскиот регион во најголем број (70%) рекле дека живеат од ден за ден, а во најмал број, но сепак половината од нив, така одговориле во југоисточниот регион (50%).

Општ впечаток за состојбата во домаќинствата во земјава како последица од кризата е дека над половината од нив имаат егзистенцијални проблеми кои не им дозволуваат да планираат ништо во иднина, а околу една третина знаат што ќе прават во наредните шест месеци. Најмал е бројот на домаќинства кои можат да прават планови за наредните две години.

## 2.4. Кој е најспособен да презeме ефикасни мерки против кризата

**● Јавноста во Европа е поделена во оценките за тоа кој е најспособен да преземе ефикасни мерки против кризата**

На прашањето кој е најспособен да преземе мерки против ефектите од финансиската и економската криза, 24% од припадниците на домашната јавност ја посочиле Европската Унија (23% во јуни). Следна институција за која анкетираните граѓани сметаат дека е најспособна за преземање мерки против кризата е националната влада (22%), во ист процент како и во јунското истражување. Мислењето дека САД се најспособни да преземат такви мерки се намалило од 25% во јуни на 21% во октомври. Околу 13% од анкетираните и во јуни и во октомври сметаат дека ММФ е најспособна да презема мерки против кризата.

**Табела 12**

| **QC3** Според ваше мислење, која од следниве е најспособна да преземе ефикасни мерки против ефектите на финансиската и економската криза? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 |
| Националната влада | 12% | 19% | 22% | 22% |
| Европската Унија | 21% | 22% | 23% | 24% |
| Соединетите Американски Држави | 16% | 12% | 25% | 21% |
| Г20 | 20% | 18% | 9% | 8% |
| Меѓународниот монетарен фонд | 14% | 11% | 13% | 13% |
| Друго | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Ниедно | 4% | 5% | 3% | 5% |
| Не знае | 12% | 12% | 4% | 6% |

Од анкетираните во членките на ЕУ во октомври, 19% сметаат дека нивните национални влади можат најдобро да се справат со кризата, што е за седум проценти повеќе во однос на јуни (12%), а 22% сметаат дека тоа може да го стори ЕУ. Осумнаесет проценти сметаат дека Г20 е најспособна да се справи со кризата, а во јуни тоа го мислеле 20% од анкетираните во ЕУ27. Во однос на јуни, помалку испитаници мислат дека ММФ може најдобро да се справи со кризата (14% во јуни а 11% во октомври). Анкетираните граѓани на Малта најмногу (39%) во однос на останатите држави на ЕУ27 сметаат дека нивната национална влада може најефикасно да се справи со кризата, а, пак, грчките граѓани во најголем број (44%) сметаат дека ЕУ најдобро ќе се справи со кризата.

Граѓаните на останатите две земји-кандидатки, Хрватска и Турција, имаат најмногу доверба во нивните национални влади кога станува збор за справувањето со кризата. Во Хрватска, процентот во корист на националната влада во октомври се зголемил на 32%, од 24% во јуни. Во Турција, тој процент се зголемил на 29% од 24%. Мислењето дека ЕУ може најдобро да се справи со кризата е видно помалку распространето во овие земји отколку меѓу анкетираните во земјава и во ЕУ27.

Јавноста во земјава има повеќе доверба во капацитетот на националната влада да се справи со кризата во споредба со просекот на анкетираните во ЕУ27.

Мислењата на анкетираните во земјава само благо се разликуваат од оние на јавноста во ЕУ во однос на можноста ЕУ најдобро да се справи со ефектите на финансиската и на економската криза. И едните и другите имаат највисока доверба во ЕУ како институција што може да се справи со кризата.

Различни се ставовите на анкетираните во ЕУ27 и во земјава во врска со улогата на САД во справувањето со кризата. Домашната јавност во поголема мера смета дека САД можат ефикасно да се справат со кризата (21% спрема 12% од граѓаните во ЕУ27). Различен е и односот кон Г20. Само 8% анкетирани во земјава сметаат дека Г20 може да се справи со кризата, додека тој став го делат 18% од анкетираните од ЕУ27.

Оценките на анкетираните во земјава за способноста на Владата да се справи со последиците од кризата, варираат во голем опсег. Резултатите покажуваат дека оние кои се задоволни со ситуацијата во домашната економија во највисок процент (41%) се изјасниле дека националната влада може најдобро да се справи со кризата, наспроти оние кои не се задоволни од економската ситуација во земјата (18%). Во најмал процент (4%) Владата ја сметаат за најспособна да се справи со кризата анкетираните во југозападниот, наспроти анкетираните во Вардарскиот регион (34%).

Најмногу доверба во способноста на ЕУ најдобро да се справи со кризата (33%) изразиле анкетираните граѓани кои се задоволни и загрижени за националната економија, како и оние граѓани кои се задоволни и имаат доверба во европската економија. Околу 30% од граѓаните во источниот дел на државата сметаат дека ЕУ најдобро ќе се справи со кризата, што е повеќе во однос на другите региони во земјата.

## 2.5. Цената за спроведување на реформите

● **Големо мнозинство граѓани се спремни да ги поддржат реформите од кои ќе имаат корист идните генерации и по цена да поднесат жртви за тоа**

Речиси две третини од граѓаните во земјава анкетирани во октомври (64%) се согласуваат со изјавата дека реформите од кои имаат корист идните генерации треба да се воведуваат дури и кога тоа значи сегашната генерација да жртвува одредени работи. Околу 24% од нив не се согласуваат со оваа изјава, а 12% немаат став.

**Графикон 2**




Анкетираните граѓани во ЕУ во повисок процент од нашите граѓани се согласуваат со оваа изјава (71%). Тоа е случај и со граѓаните на Хрватска (67%), додека спремноста да се жртвуваат за идните генерации е најмала во Турција (59%).

**Социо-демографската анализа** покажува дека во октомври жените покажале нешто поголема склоност да се жртвуваат за идните генерации (65%) од мажите (62%). Анкетираните на возраст 25-39 години се најмногу спремни да поднесат жртва (69%) за разлика од анкетираната популација над 55-годишна возраст (59%). Граѓаните со високо образование изразиле најголемо согласување со изјавата дека е вредно да се жртвуваш за реформите кои ќе им донесат придобивки на идните генерации (79%), а во многу помал процент (59%) ваква согласност изразиле оние со основно образование.

Од продлабочената анализа на одговорите може да се види дека граѓаните кои имаат позитивен став кон ЕУ се повеќе склони да се сложат со изјавата дека треба да жртвуваат одредени работи за идните генерации. Од анкетираните кои сметаат дека членството во ЕУ е добра работа, 65% се согласуваат со понудената изјава. Тоа е случај со 53% од оние кои сметаат дека членството е лоша работа. Оние кои & веруваат на ЕУ се повеќе склони да се согласат на жртви за идните генерации од оние кои не & веруваат на ЕУ (67% спрема 63%). Оваа тенденција на согласување со изјавата се забележува и кај

оние кои сметаат дека воведување на еврото е добра работа (68%), за разлика од оние кои не се за воведување евро, 58%.

Граѓаните кои сметаат дека земјата се движи во правилна насока и оние кои сметаат дека се движи во погрешна насока во иста пропорција (64%) ја прифаќаат изјавата сегашната генерација да жртвува одредени работи во корист на идните генерации.

Споредбената анализа по региони покажува дека граѓаните во Вардарскиот регион најмногу ја прифаќаат оваа изјава (78%), а најмалку со неа се согласуваат граѓаните од Источниот регион (45%).

Најнегативен став, односно несогласување со оваа изјава (47%) искажуваат оние граѓани кои се задоволни, но во исто време и загрижени, со европската економија, а следуваат со 37% оние кои се против членството на земјава во ЕУ.

## 3. Очекувања од иднината

### 3.1. Претставата за појака ЕУ во иднина

**● Економските прашања во фокусот на перцепцијата за појака ЕУ во иднина**

**Табела 13**

| **QA16** Европската интеграција се фокусираше на различни прашања во изминатите години. Според Вас, кои аспекти треба да ги нагласат европските институции во наредните години, за да се зајакне Европската Унија во иднина? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 |
| Домашниот пазар | 13% | 13% | 22% | 22% |
| Политиката за култура | 4% | 6% | 8% | 8% |
| Надворешната политика | 10% | 12% | 19% | 19% |
| Одбранбената политика | 7% | 8% | 8% | 10% |
| Имиграционите прашања | 24% | 24% | 13% | 10% |
| Образовната политика | 16% | 14% | 9% | 9% |
| Прашањата поврзани со животната околина | 20% | 21% | 14% | 15% |
| Енергетските прашања | 19% | 19% | 16% | 15% |
| Солидарноста со посиромашни региони | 18% | 18% | 35% | 28% |
| Научните истражувања | 10% | 11% | 7% | 5% |
| Социјалните и здравствените прашања | 26% | 26% | 16% | 15% |
| Борбата против криминалот | 22% | 24% | 20% | 28% |
| Борбата против климатските промени | 17% | 17% | 10% | 10% |
| Економските прашања | 32% | 33% | 31% | 36% |
| Транспортната и енергетската инфраструктура | 8% | 8% | 4% | 3% |
| Друго | 1% | 1% | 0% | 0% |
| Ниедно | 1% | 1% | 1% | 0% |
| Не знае | 4% | 4% | 4% | 6% |

Процесот на европска интеграција вклучува решавање на прашања од различни сфери за да се обезбеди поефикасно функционирање на Европската Унија во целина. Истражувањата на перцепцијата на јавноста на комплексниот спектар од прашања за постигнување поефикасно функционирање на Унијата покажуваат дека централно прашање во погледите за појака ЕУ во иднина е решавањето на економските прашања. Во рамките на ЕУ27, јавноста во 14 земји главно се фокусира на економските прашања со цел Унијата да биде појака во блиска иднина. Од сите анкетирани во земјите на ЕУ27, во просек, секој трет се определил за економските прашања (32%; 33%). Во рамките на Унијата, јавноста во Летонија, Литванија и Чешката Република (56%) се фокусира на економските прашања како услов за зајакнување на Унијата во блиска иднина. На второ место е посветеноста на социјалните и здравствените прашања за кои, во просек, се изјаснува секој четврти анкетиран (26% и во двете последни истражувања) во земјите на ЕУ27. Над европскиот просек за социјалните и за здравствените прашања во последното истражување се изјасниле анкетираните во Романија и Ирска (33%) и во Франција (34%). Следните прашања на кои институциите треба да се посветат се имиграцијата (24%; 24%) и криминалот и корупцијата (22%; 24%). Најмногу заложби за европските иституции да се посветат на прашањата од областа на имиграцијата има во Малта (53%) и во Обединетото Кралство (43%), а за фокусирање на борбата против криминалот и корупцијата во Данска

(38%), Холандија (40%) и во Австрија (41%). Различните сфаќања на јавноста за прашањата на кои треба да се фокусираат европските институции, пластично ги илустрираат тежината, сложеноста и енергијата која е потребна за да се хармонизираат потребите и очекувањата на граѓаните на Европската Унија.

И домашната јавност ги става економските прашања на прво место со пет процентни поени повеќе отколку во претходното истражување (31%: 36%). На второ и трето место во земјава се солидарноста со посиромашните региони (со намалување за седум процентни поени - 35%: 28%) и борбата против криминалот, за кои се определиле осум процентни поени повеќе анкетирани (20%: 28%). Во однос на останатите прашања, разликата меѓу двете истражувања е минимална и се движи од – 2 до + 2 процентни поени. Тоа значи дека за поголем дел од прашањата домашната јавност има доследен и стабилен став, додека само за три прашања погледите се променливи. Таквите промени во перцепцијата на домашната јавност укажуваат дека ставовите кон овие прашања сѐ уште не се искристализирани. Подрачјата околу кои има колебања се помошта на посиромашните региони, борбата против криминалот и економските прашања.

Во останатите две земји-кандидатки за членство во Унијата постои флуидност за речиси идентични прашања како и во земјата. Во Хрватска, исто како и кај домашната јавност, најголем број анкетирани се определиле за борба против криминалот, и тоа за 11 процентни поени повеќе во однос на претходното истражување (30%: 41%). Следуваат економските прашања за кои се определиле седум процентни поени повеќе (31%: 38%) и солидарноста со посиромашните региони, за која се изјасниле пет процентни поени помалку испитаници (35%: 30%). Во Турција на прво место се економските прашања за кои се определиле три процентни поени повеќе во однос на претходното истражување (26%: 29%), на второ место е образовната политика, за која се определиле два процентни поени помалку (24%: 22%) и на трето е солидарноста со посиромашните региони, за која се определиле три процентни поени помалку (23%: 20%).

### 3.2. Какви промени се препочитаат за животот во иднина

- Дали да се стави помал акцент на парите и на материјалните добра во иднина

**Графикон 3**




Стабилно мнозинство од јавноста во ЕУ претпочитаат да им дадат помала важност на парите и материјалните добра во животот. Промените во начинот на животот кои создаваат поголем простор за духовните, нематеријални добра, ги посакуваат еднаков број анкетирани во Унијата (56%) и во јунското и во октомвриското истражување. Наспроти нив, речиси четири пати помалку граѓани (14% во обете истражувања) сметаат дека тоа би било лоша работа, секој четврти смета дека ставањето помал акцент на материјалните добра не е ни добра ни лоша работа, а секој дваесетти (6%: 5%) анкетиран не знае како да одговори на тоа прашање. Резултатите во земјите со повисок стандард покажуваат поизразена ориентација кон нематеријални добра во иднината. Агрегираните резултати за Финска, Австрија и Шведска покажуваат дека практично 2/3 од анкетираните (65%) посакуваат во иднина да се стави помал акцент на парите и материјалните добра, 12% не го посакуваат тоа, а секој петти испитаник (20%) во тие земји прави баланс меѓу материјалните и нематеријалните добра и смета дека тоа не е ни добра ни лоша работа. Кај постарите членки на ЕУ12, ориентацијата кон нематеријалните добра е помала

во просек за осум процентни поени (57%). Во новите членки на Унијата NMS12, 48% посакуваат во иднината помалку да се става акцент на парите и на материјалните добра, 15% ја сметаат таквата ориентација во иднината за лоша, а скоро секој трет (31%) настојува да најде баланс меѓу материјалните и нематеријалните добра (6% не знаеле да одговорат). Деценисската социо-економска и егзистенцијална депривација на која беа изложени граѓаните во овие земји остави траги во нивните вредности и затоа нивните аспирации за иднината понагласено се ориентирани кон материјалните отколку кон нематеријалните добра.

Анализата на резултатите овозможува да се направи профил на граѓаните во Унијата, кои во натпросечен број преферираат стил на живот во кој се става помал акцент на парите и на материјалните добра наспроти оние кои во потпросечен број преферираат таков стил на живот во блиска иднина. Европејците кои во натпросечен број посакуваат во иднина да се става помал акцент на парите и на материјалните добра се повозрасни (57%), со повисоко образование (64%), менаџери (63%), поддржувачи на политичката левица (60%) и речиси никогаш немаат проблеми со плаќање на сметките на крајот од месецот (59%). Профилот на оние кои во потпросечен број сметаат дека треба да се стави помал акцент на парите и материјалните добра се: млади до 24-годишна возраст (52%), со пониско ниво на образование (53%), мануелни работници (52%) и поддржувачи на десницата (52%) кои често имаат проблеми со плаќање на сметките на крајот од месецот (51%).

Во домашната јавност, 13 процентни поени помалку анкетирани од европскиот просек (44%: 43%) сметаат дека е добро да се стави помал акцент на парите и на материјалните добра. За сметка на тоа, речиси двојно повеќе испитаници (22%: 25%) од просекот во ЕУ сметаат дека тоа е лоша работа. Во земјава, секој четврти (25% во обете истражувања), исто како и во Унијата, смета дека тоа не е ни лоша ни добра работа. Анкетираните во земјава кои во натпросечен број се ориентирани кон нематеријални добра се на возраст од 40+ години (46%), самовработени (51%), поддржувачи на политичката левица (53%) и се самоидентификуваат како припадници на повисоки слоеви во социјалната структура (51%). Анкетираните во земјава кои во број под просекот во државата поддржуваат нематеријални вредности се млади на возраст до 24 г. (38%), студенти и ученици (36%), го поддржуваат политичкиот центар (37%) и се самоидентификуваат со ниските социјални слоеви (41%).

- <u>Дали да се стави поголем акцент на развојот на технологијата во иднина</u>

Кај поголемиот дел од јавноста опфатена со Евробарометарот е присутна ориентација кон поддршка на развојот на технологијата во иднина. Во земјава оваа ориентација пораснала за седум процентни поени меѓу двете последни истражувања (69%: 76%), а во земјите на ЕУ27 пораснала, во просек, за два процентни поени (68%: 70%). И во Унијата и во земјава, анкетираните кои сметаат дека ставање поголем акцент на развојот на технологијата е непожелно опфаќаат помалку од една десетина (8% до 9%).

Поддршката за развојот на технологијата во земјава е подеднакво присутна и кај мажите (77%) и кај жените (75%). Овие испитаници се на возраст од 40 до 54 г. (83%), со повисоко образование (87%) и службеници (94%). Оние кај кои поддршката за развојот на технологијата е под државниот просек се повозрасни - 55+ (73%), со пониско образование (70%) и домаќинки (63%).

### 3.3. Каква е иднината на генерациите што доаѓаат

**● Повеќе граѓани во земјава отколку во Унијата гледаат со оптимизам на иднината на младите**

**Графикон 4**




Очекувањата на граѓаните на подолг рок може да се проценуваат врз основа на проекциите на денешните возрасни генерации за тоа каков ќе им биде животот на оние кои денес се деца. Резултатите од истражувањата покажуваат дека во земјите на ЕУ27 во благ пораст (13%: 15%) се очекувањата дека животот на денешните деца ќе им биде полесен. И кај анкетираните граѓани во земјава за три процентни поени пораснале таквите очекувања (31%: 34%). Во ЕУ27 и натаму четири пати повеќе граѓани (64%: 61%) со песимизам гледаат на иднината на долг рок и сметаат дека денешните деца ќе имаат потежок живот во однос на оние кои предвидуваат дека животот ќе им биде полесен. Во земјава, песимистичките очекувања се намалиле за шест процентни поени (44%: 38%) и сега јавноста во речиси еднаков број смета дека децата ќе имаат полесен живот (34%) во однос на оние кои сметаат дека ќе имаат потежок живот (38%). Ако ги споредиме песимистичките погледи за иднината на денешните деца во Унијата (61%) и во земјава (38%) се воочува голема разлика од дури 23 процентни поени.

Ваквите разлики во перцепцијата на иднината на денешните деца од страна на анкетираните во земјава и во ЕУ, во основа се должат на различните искуства и перспективи.

Компаративната анализа на податоците покажа дека постои поврзаност на одговорите на анкетираните за нивните очекувањата од иднината и нивните ставови кон проширувањето на ЕУ. И во рамките на самата Унија се забележуваат разлики во перцепцијата, особено меѓу одговорите на граѓаните на постарите членки во Унијата ЕУ6 и на оние од NMS10, кои во минатите две децении поминаа низ болен период на транзиција.

Атмосферата во однос на натамошното проширување на Унијата во земјите на ЕУ6 е определена од мнозинството кое се противи на проширувањето (54%) во однос на 37% кои го поддржуваат проширувањето. Ваквите погледи се

поврзани со проценката дека проширувањето на Унијата го усложнува усогласувањето на заедничките интереси, поради што веруваат дека идните генерации ќе се соочуваат со поголеми предизвици отколку денешните. Податоците покажуваат дека во земјите на ЕУ6, 7% анкетирани очекуваат дека денешните деца ќе имаат полесен живот и речиси десетпати повеќе (68%) дека ќе имаат потежок.

Атмосферата во земјите на NMS10 значајно се разликува. Таму мнозинството анкетирани го поддржуваат проширувањето на Унијата (66%), а трипати помалку (22%) се противат. Овие податоци потврдуваат дека еланот за проширување е под влијание на сѐ уште свежите позитивни импресии од приемот во ЕУ. Граѓаните во NMS10, кои зад себи го имаат искуството од транзицијата, на иднината во Унијата гледаат со надеж дека вкупната ситуација во нивните земји ќе биде подобра од онаа што пред тоа ја имале. Во земјите на NMS10, 24% од анкетираните сметаат дека децата ќе имаат полесен живот, а 48% потежок.

Шаблонот на перцепција кај домашната јавност ги содржи сличните искуства и премиси како и во земјите кои поминаа низ транзицијата а сега се членки на ЕУ.

Социо-демографската анализа покажува дека во земјава оние кои имаат доверба (40%) во двојно поголема пропорција сметаат дека децата ќе имаат полесен живот во однос на оние кои немаат доверба (20%) во ЕУ. Уште посилно влијание на перцепцијата на иднината на децата има ставот на анкетираните кон членството на земјата во ЕУ. Полесен живот на денешните деца очекуваат 40% од оние кои оцениле дека членството на земјата во ЕУ е добра, наспроти 9% од оние кои сметаат дека е лоша работа. Во сличен број очекуваат животот на децата да им биде полесен оние кои сметаат на придобивки од членството во ЕУ (39%), наспроти кај оние кои не сметаат на бенефит од членството (13%).

Во однос на останатите две земји-кандидатки, погледите на хрватската јавност се поблиски до просекот на ЕУ27 (19%: 16% очекуваат животот на денешните деца да им биде полесен, мнозинството - 55%: 56% очекува да им биде потежок, а практично секој петти смета дека животот нема да им биде ни полесен ни потежок - 18%: 21%). Во Турција благо се зголемил бројот на оние кои очекуваат животот на децата да им биде полесен (26%: 28%), а значително се намалил на оние кои очекуваат животот да им биде потежок (61%: 52%). Тоа се должи на зголемениот број на оние кои сметаат дека животот на денешните деца нема да им биде ни полесен ни потежок (9%:15%).

### 3.4. Емиграцијата - можност за подобар живот

**● Мнозинството во земјава смета дека младите би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава**

**Графикон 5**




Најновиот Евробарометар покажува дека, и покрај намалувањето за три процентни поени во однос на претходното истражување, спроведено пред една година, мнозинството анкетирани во земјава (59%: 56%) сметаат дека децата што живеат во земјава би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава, а повеќе од двојно помалку (25%: 27%) не се согласуваат со ваквото мислење. Околу 13% минатата и 14% оваа година спонтано одговориле дека тоа зависи од конкретна ситуација, а 3% во обете истражувања кажале дека не знаат.

Во другите две земји-кандидатки, и покрај значителните промени во периодот меѓу двете последни истражувања, сé уште значително помалку анкетирани отколку во земјава сметаат дека децата би имале подобар живот доколку би емигрирале во друга земја. Во Хрватска, за осум процентни поени се зголемил бројот на граѓани (34%: 42%) кои се согласуваат со тоа дека децата би имале подобар живот доколку би емигрирале во друга држава, а за четири процентни поени се намалил бројот на оние кои не се согласуваат (43%: 39%). Бројот на оние кои спонтано одговориле дека тоа зависи од случајот, практично не се променил (16%: 15%), а за три процентни поени се намалил бројот на оние кои не знаеле да одговорат (7%: 3%). Во Турција, спротивно на трендот во Хрватска, се намалил за седум процентни поени бројот на оние кои сметаат дека со емигрирањето би им се подобрил животот на децата (37%: 30%), за сметка на оние кои не гледаат можност за подобар живот на децата со емигрирање во друга држава (41%: 49%).

Во земјите на ЕУ27, во просек, бројот на оние кои се согласуваат дека емигрирањето од земјата за децата би значело подобар живот се намалил за три процентни поени (25%: 22%), а се зголемил бројот на анкетираните кои не се согласуваат со тоа (50%: 53%). Во обете истражувања не се променил бројот на оние кои сметаат дека тоа би зависело од специфична ситуација (19%) и на оние кои одговориле дека не знаат (6%). Во Унијата, најмалку анкетирани кои излезот

на младите го гледаат во емигрирањето има во Финска (3%: 3%), Данска (4%: 3%), Шведска (6%: 6%), Австрија (6%: 9%), Холандија (7%: 9%) и Луксембург (9%: 10%). Податоците покажуваат дека во земјите каде е мал бројот на анкетирани кои излезот го гледаат во емиграцијата, нема промени или тие се малку изразени. Земјите во кои анкетираните далеку над просекот на Унијата се согласуваат дека емигрирањето на децата во друга држава е можност за подобар живот, можат да се поделат во две групи. Во првата група се земји во кои пропорцијата на песимистични одговори била над просекот во Унијата и дополнително се зголемила меѓу двете истражувања. Најнеповолна во тој поглед е ситуацијата во Литванија (43%: 57%), а следуваат Летонија (32%: 45%), Полска (40%: 45%), Романија (37%: 43%), Бугарија (38%: 42%), Малта (36%: 40%), Чешката Република (29%: 32%) и Унгарија (29%: 31%). Во другата група се земјите во кои се намалила тенденцијата излезот за подобар живот на децата да се гледа во емиграцијата: Грција (37%: 28%), Португалија (37%: 32%) и Обединетото Кралство (49%: 39%)

**Социо-демографската анализа** покажува дека во земјава невработените во најголем број (66%) се согласуваат дека ако емигрираат во друга земја младите би имале подобар живот. Таквото мислење го делат и 62% од работниците и 59% од самовработените. Во однос на возраста, 62% од лицата меѓу 15 и 24 години се разочарани од перспективите на младите во земјата, во однос на оние на возраст од 55 и повеќе години (45%). Разочараноста е одредена и од степенот на образование. Најбројни се анкетираните со средно образование кои во емигрирањето гледаат решение за младите (61%), следуваат оние со основно образование (57%), а најмалубројни се песимистите кај анкетираните со повисоко образование (47%). Мнозинството анкетирани во семејствата кои имаат тешкотии со плаќање на сметките (60%) сметаат дека емигрирањето во друга држава би им донело подобар живот, во однос на припадниците на семејства кои имаат одвреме-навреме такви проблеми (54%). Во зависност од регионот на живеење, најмногу анкетирани од Полошкиот регион (65%) сметаат дека емигрирањето би им донело подобар живот на младите, а следуваат жителите на Источниот и Пелагонискиот (63%) и Североисточниот регион (59%). Во број помал од просекот во земјава (56%) овој став го делат анкетираните во Вардарскиот, Југоисточниот, Скопскиот (52%) и Југозападниот регион (46%).

## 4. Погледите кон членството во ЕУ

### 4.1. Членството во ЕУ - добра или лоша работа?

**● Големо мнозинство во земјава позитивно гледа на членството во ЕУ**

**Мапа 2**




На прашањето дали мислат дека членството на нашата земја во ЕУ би било добра или лоша работа, 66%, односно две третини од испитаниците во земјава во октомври рекле дека членството би била добра работа, само 9% сметаат дека би било лоша работа, а 22% мислат дека не би било ниту добра ниту лоша работа. Споредбата со резултатите на јунскиот Евробарометар покажува извесна конзистентност во одговорите. Имено, ист процент на испитаници (9%) и во јуни сметале дека членството во ЕУ би било лоша работа, а нешто помал бил процентот на одговорите дека тоа би било добра работа (64%). Околу 25% проценти сметале дека тоа не би било ниту добра ниту лоша работа.

За разлика од земјава, членството во ЕУ не побудува особено позитивни чувства во другите две земји-кандидатки, особено не во Хрватска, каде само 24% од анкетираните (и во јуни и во октомври) сметаат дека членството би било добра работа. За лоша работа тоа го сметале 39% во јуни и 37% во октомври. Во Турција, 48% од граѓаните во јуни и 45% во октомври сметаат дека нивното членство во ЕУ би било добра работа.

Нема промени кај одговорите на испитаниците од земјите-членки на ЕУ во јунското и во октомвриското истражување. Позитивни чувства во однос на нивното членство во ЕУ имаат 53% од испитаниците, а негативни само 15%. И во двата брана истражувања, членството на нивните земји како ниту добро ниту лошо го оцениле 28%.

**Според социо-демографската анализа** на резултатите од истражувањето во земјава**,** мажите во поголем процент (71%) од жените (61%) сметаат дека членството во ЕУ би била добра работа. Најмногу наклонети на членството на земјава во Унијата се испитаниците на возраст од 25 до 39 години (73%), а најмалку оние над 55 години (60%). Оние испитаници кои сé уште се школуваат во најголем број (72%) рекле дека нашето членство во ЕУ би било добра работа. Процентот на оние со пониско образование кои го делат тој став е 69%, на оние со високо образование е 66% а најмал е на оние со средно 65%.

Според работниот статус, самовработените во најголем дел (74%) го поддржуваат нашето идно членство во ЕУ, следуваат оние кои се грижат за домот и студентите (по 72%), менаџерите (66%) а на крај се пензионерите со 55%.

Испитаниците кои себеси се сметаат за припадници на повисоките слоеви во општеството во најголем дел (74%) рекле дека идното членство во ЕУ би било добра работа. Во помал број (68%) тоа го мислат оние кои себеси се сметаат за средна класа во општеството, а најмалку со тоа се согласуваат оние кои себеси се идентификуваат со најниските социјални слоеви (63%).

Нема голема разлика во одговорите на ова прашање кај испитаниците кои имаат различно мислење за состојбата во националната економија (68% од оние кои ја оценуваат состојбата во националната економија како добра се за влез на земјата во ЕУ, а тоа е случај со 66% од оние кои сметаат дека националната економија е во лоша состојба).

Околу 75% од испитаниците кои сметаат дека земјата оди во позитивна насока сметаат дека членството во ЕУ би било добра работа, а тој процент е помал (61%) кај оние кои сметаат дека земјата оди во погрешна насока.

Анкетираните во Полошкиот регион во најголем (84%) а оние од Пелагонискиот во најмал број (49%) го сметаат членството во ЕУ за добра работа. Во останатите региони поддршката од граѓаните за нашето членство во ЕУ е над две третини.

Одговорите на ова прашање покажуваат дека граѓаните кои имаат позитивна перцепција за ЕУ имаат и многу позитивен став кон приклучувањето на нашата земја во ЕУ. Околу 83% од испитаниците кои сметаат дека земјава ќе има придобивки од приклучување кон ЕУ, сметаат дека членството во ЕУ би било многу добра работа за нас. Испитаниците кај кои ЕУ има позитивен имиџ во 82% го оценуваат членството во ЕУ како позитивна работа, а за добра работа тоа го сметаат само 20% од оние кои имаат негативен имиџ за ЕУ. И 77% од оние кои се задоволни и веруваат во европската економија, веруваат дека членството во ЕУ би била добра работа, а помалку од половина (49%) од оние кои не се задоволни со состојбата на економијата на ЕУ, се за идно членство во ЕУ.

### 4.2. Придобивки од членство во ЕУ

● **Три четвртини од граѓаните во земјава очекуваат бенефит од членството во ЕУ**

**Мапа 3**




Кај испитаниците во нашата земја преовладува позитивно мислење во однос на тоа дали земјава би имала корист од членството во ЕУ (придобивки очекуваат над три четвртини - 76% во октомври, 75% во јуни). Процентот на оние кои сметаат дека нашата земја нема да има бенефит е 16% во октомври и 18% во јуни.

Негативниот став на хрватската јавност кон ЕУ се појавува и во одговорите на ова прашање. Имено, 36% сметаат дека нивната земја би имала бенефит, а 52% го мислат спротивното. Кај турската јавност позитивниот став кон бенефитите од членството во ЕУ опаднал од 57% во јуни на 50% во октомври.

Исто како и за прашањето дали членството во ЕУ е добра работа, стабилно мнозинство од граѓаните во земјите-членки на Унијата сметаат дека членството носи придобивки (нивниот број од 56% во јуни благо се зголемил на 57%). И во двете истражувања, 31% од испитаниците одговориле дека нема бенефит за нивните земји.

Анализирајќи ги одговорите во земјата според социо-демографските карактеристики на анкетираните, повторно може да се констатира дека оние испитаници кои имаат афирмативен став кон ЕУ во поголема мера се склони да го гледаат членството во ЕУ како корисно отколку обратно. Од оние кои имаат позитивна претстава за ЕУ, 90% сметаат дека членството во оваа асоцијација може да донесе корист, за разлика од оние кои имаат негативна претстава (29%). Околу 87% од оние кои се склони да и веруваат на ЕУ сметаат дека ќе имаме корист од членството од ЕУ, а оние кои не се склони кон тоа во 58% сметаат дека ќе имаме корист од ЕУ. Околу 84% од оние кои сметаат дека знаат како функционира ЕУ, очекуваат корист од членството (тоа е случај со 70% од оние кои тоа не го знаат).

Анкетираните кои сметаат дека глобализацијата овозможува различни можности за нашите комапнии, исто така, во голем број сметаат дека членството во ЕУ ќе донесе корист (88%). Тој став во помал процент (64%) го делат оние кои глобализацијата ја сметаат за закана.

Анализата на податоците, исто така, укажува дека социјално поактивните и помладите во голема мера мислат дека ќе има корист од членството во ЕУ. Тоа се испитаниците кои секојдневно користат Интернет (85%), младите од 15 до 24 години (84%), студентите (85%) и менаџерите (83%).

### 4.3. За или против проширувањето на ЕУ

**● Домашната јавност консензуално го поддржува проширувањето на ЕУ со нови членки**

**Графикон 6**




Огромно мнозинство во домашната јавност (85%) е за натамошно проширување на ЕУ во наредните години. Кај граѓаните во ЕУ во октомври се воочува поголем процент на анкетирани кои поддржуваат проширување на Унијата (46%) во однос на јуни (43%). Во однос на одговорите против проширување на Унијата, пропорциите се исти, само во обратна насока (во јуни 46% биле против, а во октомври нивниот процент се намалил на 43%). Во земјите

кои се приклучија кон ЕУ во „новите“ бранови на проширување, а особено во земјите од Југоисточна Европа, над половината од испитаниците се изјасниле за проширување на Унијата (најголем процент - 70% е забележан во Полска и Словачка). Кај постарите членки, тој процент е под 50%. Најмногу противници на проширувањето има меѓу анкетираните од Австрија (65%), како и во Германија и Франција (60%).

Анкетираните во Турција во октомври во помал број се определуваат за проширување на ЕУ со нови држави во однос на јуни (47%; 44%). Во Хрватска исто така се намалил процентот на оние кои се за проширување на Унијата од 60% во јуни на 56% во октомври.

Иако процентот на анкетираните во земјава кои се за проширување на ЕУ е голем (85%), постојат испитаници кои според нивните одговори можеби можеме да ги наречеме „евроскептици“. Од оние граѓани кои сметаат дека членството во ЕУ е лоша работа, само 54% се за проширување на ЕУ. Исто така, и оние кои немаат позитивна слика за ЕУ и не се за воведување на еврото, 64% од нив се за проширување на ЕУ. Граѓаните кои сметаат дека членството во ЕУ нема да ни донесе корист, за 20 процентни поени помалку од просекот во државата (65%) се за проширување на Унијата. Во оваа категорија можеме да ги споменеме и оние кои се незадоволни и загрижени за европската економија и за 10 процентни поени помалку од просекот во земјата се за проширување на Унијата (75%).

### 4.4. Имиџ на ЕУ

- **Позитивниот имиџ на ЕУ пораспространет во земјава отколку во Унијата**

**Графикон 7**




Споредбата на податоците од јунското истражување со октомвриското покажува дека позитивната перцепција на ЕУ кај нашите граѓани се проширува. Во јуни 59% рекле дека ЕУ буди позитивна слика кај нив, додека во октомври тој процент се зголемил на 65%. Бројот на неутралните изнесува 24%.

Од анализата на одговорите на испитаниците гледаме дека анкетираните граѓани во земјите-членки на ЕУ во помал број имаат позитивна слика за Унијата отколку граѓаните во земјава. И кај Европејците позитивниот имиџ на ЕУ се зголемил за три процентни поени (45%: 48%), во периодот од јуни до октомври годинава. Најпозитивен имиџ за ЕУ имаат граѓаните на Луксембург (66%). Процентот на неутрални граѓани во овие земји останува речиси ист (во јуни 36% а во октомври 35%).

Од сите три земји-кандидатки, позитивниот имиџ на ЕУ е најнизок во Хрватска - 28% во јуни и 25% во октомври. Следствено на тоа, негативниот имиџ се зголемил од 30% во јуни на 32% во октомври. Турските граѓани имаат попозитивен имиџ, но и тој бележи тенденција на намалување, и тоа во поголем процент отколку во Хрватска (46% во јуни и 42% во октомври ).

Социо-демографската анализа на одговорите во земјава повторно покажува дека кога станува збор за прашања поврзани со ЕУ, највисок процент на позитивни одговори доаѓаат од оние групи на испитаници кои се со позитивно мислење за ЕУ. Очекувано, 80% од граѓаните кои можното членство во ЕУ го доживуваат како добра работа, имаат позитивен имиџ, додека ЕУ буди позитивна слика само кај 16% од оние кои сметаат дека членството во ЕУ е негативна работа. Околу 77% од анкетираните кои сметаат дека членството во ЕУ би ни донело корист, имаат позитивна слика за ЕУ, а тоа е случај со само 26% од оние кои сметаат дека нема бенефит од членство во ЕУ. Унијата им буди позитивни чувства на 76% од граѓаните кои сметаат дека европската економија е во добра состојба и на 58% од оние кои сметаат дека ситуацијата во европската економија е лоша.

Натамошната анализа на одговорите на испитаниците според нивните социо-демографски карактеристики покажува дека студентите во најголем процент (84%) имаат позитивен имиџ за ЕУ, а во најмал процент (55%) - пензионерите. Испитаниците од 15 до 24 години во 78% имаат позитивна слика за ЕУ, а најмалку позитивна слика имаат оние од 55 години и нагоре (58%). Испитаниците кои мислат дека земјата се движи во правилна насока во 76% имаат и позитивна слика за ЕУ, а тоа е случај со 60% од оние кои рекле дека земјата се движи во погрешна насока. Кај 75% од испитаниците кои глобализацијата ја сметаат за добра за нашите компании, ЕУ буди позитивни чувства, како и кај 53% од оние кои глобализацијата не ја преферираат. Според географската припадност, како и во претходните прашања кои се однесуваа на ЕУ, испитаниците од Полошкиот регион во најголем процент (81%) велат дека ЕУ им буди позитивна слика, а тој процент е најмал кај граѓаните во југозападниот дел на земјата (56%).

### 4.5. Претстава за ЕУ

**● Домашната јавност најчесто ја поврзува ЕУ со слобода на патување, студирање и работа**

За нашите граѓани, според истражувањата и во јуни и во октомври, ЕУ значи слобода на патување, студирање и работа насекаде во Унијата. Вака се изјасниле 57% од испитаниците во јунското и 56% во октомвриското истражување на прашањето што за нив лично значи ЕУ. Втора работа која ги асоцира на ЕУ е економскиот просперитет (44% во јуни и 43% во октомври). Трета најспоменувана работа е мирот (30% во јуни и 35% во октомври), четврта е демократијата (23% јуни: 21% октомври), а петта е посилната позиција во светот (19% и во јуни и во октомври).

**Табела 14**

| **QA12** Што за Вас лично значи Европската Унија? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 |
| Мир | 25% | 28% | 30% | 35% |
| Економски просперитет | 16% | 18% | 44% | 43% |
| Демократија | 22% | 26% | 23% | 21% |
| Социјална заштита | 10% | 11% | 15% | 14% |
| Слобода да се патува, студира и работи насекаде во ЕУ | 42% | 46% | 57% | 56% |
| Културна различност | 19% | 22% | 8% | 8% |
| Посилна позиција во светот | 23% | 25% | 19% | 19% |
| Евро | 33% | 37% | 12% | 9% |
| Невработеност | 13% | 14% | 6% | 7% |
| Бирократија | 19% | 20% | 3% | 4% |
| Залудно трошење пари | 20% | 21% | 3% | 4% |
| Губење на нашиот културен идентитет | 10% | 11% | 6% | 5% |
| Повеќе криминал | 11% | 14% | 4% | 5% |
| Немање доволно контрола на надворешните граници | 12% | 14% | 6% | 3% |
| Друго | 1% | 1% | 0% | 0% |
| Не знае | 4% | 4% | 2% | 2% |

И за европските испитаници (ЕУ27), како и за нашите, ЕУ значи слобода на патување, школување и работа насекаде во ЕУ. Во јунското истражување така рекле 42%, а во октомврискoто 46%. Втора најчеста асоцијација на Унијата е еврото (јуни 33%: октомври 37%), а трета асоцијација, како и кај нашите испитаници, е мирот (25% во јуни и 28% во октомври).

Податоците покажуваат дека европските и нашите граѓани имаат слични асоцијации на ЕУ. И кај едните и кај другите ЕУ најмногу значи слобода на движење, усовршување, работа, а заедничка карактеристика, односно асоцијација, која е на трето место и кај едните и кај другите, е мирот кој може да им го пружи ЕУ.

Социо-демографската анализа покажува дека слободата на патување, школување и работа во ЕУ е најмногу изразена кај секојдневните корисници на Интернет (69%), студентите (67%) наспроти пензионерите (47%), потоа кај младите од 15 до 24 години (61%) наспроти постарите од 55 години (47%), како и кај испитанците од југоисточниот регион (71%) за разлика од оние во свероисточниот (48%). Асоцијацијата за ЕУ како можност за движење и за образование е исто така поизразена кај оние кои се задоволни со состојбата во европската економија (63%) за разлика од оние кои не се задоволни (49%), кај оние кои имаат позитивен имиџ за ЕУ (60%) за разлика од оние кои имаат негативен имиџ (38%), како и кај оние кои сметаат дека членството во ЕУ е добра работа (58%) наспроти оние кои сметаат дека членството не е добра работа (30%).

Истакнувањето на значењето на слободата на движење, школување и работа во ЕУ покажува дека граѓаните во земјата ги фрустрираа визните ограничувања за слободно патување во Унијата.

## 5. Вредности на ЕУ

### 5.1. Ставовите кон општествените вредности

**● Домашната јавност и граѓаните на ЕУ имаат релативно стабилен и близок систем на општествени вредности**

**Табела 15**

| QD1 За секој од след ниве поими каже те дали ве потсетува на нешто позитивно или негативно? | EU27 | | EU27 | | MK | | MK | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Eb 67.2 | | Eb 72.4 | | Eb 67.2 | | Eb 72.4 | |
| | + | - | + | - | + | - | + | - |
| Компанија | **74%** | 15% | **78%** | 15% | **82%** | 8% | **77%** | 16% |
| Социјална држава | 69% | 21% | 71% | 22% | 60% | **31%** | 61% | **33%** |
| Конкурентност | 73% | 18% | **77%** | 17% | **77%** | 12% | 73% | 21% |
| Слободна трговија | **76%** | 16% | **77%** | 17% | **85%** | 8% | **81%** | 13% |
| Протекционизам | 41% | **38%** | 38% | **45%** | 37% | **38%** | 39% | **43%** |
| Глобализација | 46% | **39%** | 52% | **37%** | 45% | 28% | 57% | 25% |
| Либерализација | 58% | 25% | 60% | 27% | 66% | 10% | 70% | 17% |
| Синдикат | 61% | 29% | 63% | 30% | 70% | 18% | 65% | 27% |
| Реформи | 64% | 26% | 70% | 22% | **78%** | 11% | 73% | 20% |
| Јавна администрација | 53% | **38%** | 53% | **41%** | 65% | 24% | 53% | **40%** |
| Флексибилност | 72% | 17% | **77%** | 16% | 72% | 8% | 71% | 15% |
| Конкуренција | | | **77%** | 18% | | | 75% | 17% |
| Безбедност | | | **83%** | 14% | | | **83%** | 10% |
| Солидарност | | | **84%** | 12% | | | **85%** | 8% |

Анализата на резултатите покажува дека повеќе од три четвртини од европската јавност пројавува изразено позитивен став кон солидарноста (84%) и безбедноста (83%), издвојувајќи ги овие аспекти како најважни општествени вредности. Овие резултати ги потврдуваат најсилно потенцираните цели на ЕУ - развивање заедничка надворешна и безбедносна политика, што би и овозможило да дејствува како сила на стабилност, соработка и разбирање ширум светот. Споредбата на резултатите од истражувањето спроведено во јуни 2007 со оние од последниот Евробарометар во октомври 2009, покажува дека и натаму постои релативно стабилна имплицитна концепција кај граѓаните на Унијата за најпожелните општествени вредности. Европската јавност пројавува најпозитивен став кон поимите поврзани со економскиот просперитет и развој. Силно изразен позитивен став манифестираат кон поимот компанија каде што се забележува благ пораст од четири процентни поени (74%: 78%), а слична е и перцепцијата на поимот конкурентност каде што исто така постои тренд на позитивен пораст од четири процентни поени (73%: 77%). Граѓаните на ЕУ ги издвојуваат како исто толку пожелни општествени вредности и флексибилноста (72%: 77%), слободната трговија (76%: 77%) и конкуренцијата (77%). Ваквите резултати ја поддржуваат економската политика на Унијата за развивање отворени пазари и строги регулативи кои обезбедуваат фер и слободна конкуренциија, како најзначаен услов за економски развој на земјите и придобивки за потрошувачите. Што се однесува до негативно перципираните општествени вредности, анализата покажува благ пораст на општата негативна перцепција, но и прилично стабилна хиерархиска поставеност на овие аспекти на општеството. Како најнегативна општествена вредност е оценет протекционизмот (38%: 45%) а следуваат јавната администрација (38%: 41%) и

глобализацијата, каде што постои намалување на негативната перцецепција за два процентни поени (39%: 37%).

Исто како и граѓаните на Европската Унија, и домашната јавност највисоко позитивно ги рангира солидарноста (85%) и безбедноста (83%). Резултатите укажуваат дека за јавноста, мирот и безбедноста, како и хуманите односи на солидарност, помагање и соработка меѓу граѓаните, се базичните вредности врз кои се темели здравјето и функционалноста на едно општество. Понатаму, во хиерархијата на најпожелни општествени вредности домашната јавност ги поставува оние коишто се поврзани со економскиот просперитет на земјата. И покрај тоа што компарацијата на резултатите добиени во јуни 2007 со оние од октомври 2009 покажува тренд на опаѓање на позитивната перцепција, сепак, постои релативно стабилна слика на позитивно перцепираните општествени вредности: слободна трговија (85%: 81%), реформи (78%: 73%) и конкурентност (77%: 73%). Овие резултати се должат на општата атмосфера на загриженост која ја предизвика светската економска криза, песимистичките прогнози за продлабочување на кризата и несигурноста во политиката на наоѓање решенија за излез од ситуацијата.

Најсилно изразен негативен став домашната јавност пројавува кон протекционизмот каде што постои тренд на зголемување на негативната перцепција за пет процентни поени (38: 43%). Индикативно е зголемувањето на незадоволството од јавната администрација, каде што во споредба со резултатите од минатото истражување, 16% повеќе анкетирани перцепираат како негативен аспект на нашето општество (24%: 40%). Слична е и состојбата со синдикатот (18%: 27%) и либерализацијата (10%: 17%)

Споредбената анализа за најважните општествени вредности меѓу домашната јавност и граѓаните на Европската Унија укажува дека постои многу блиска концепција за она што е општествено пожелно. Вредносната ориентација на граѓаните на нашата земја е во согласност со европскиот систем на вредности, а тоа е исклучително важен фактор за приближувањето на земјава кон европското семејство.

### 5.2. Профилот на индивидуалните вредности

**● Стабилен профил на индивидуалните вредности кај домашната јавност и кај граѓаните на ЕУ**

**Табела 16**

| QD7 Кои се за вас лично трите најважни вредности на ЕУ? | EU27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | Eb 69.2 | Eb 72.4 | Eb 69.2 | Eb 72.4 |
| Владеењето на правото | 21% | 20% | 41% | 35% |
| Почитувањето на човековиот живот | 41% | **44%** | 42% | **37%** |
| Човекови права | 42% | **40%** | 46% | **42%** |
| Индивидуални слободи | 21% | 24% | 14% | 17% |
| Демократија | 27% | 24% | 23% | 25% |
| Мир | 45% | **42%** | 58% | **47%** |
| Еднаквост | 19% | 18% | 18% | 22% |
| Солидарност,поддршка на другите | 13% | 17% | 13% | 16% |
| Толеранција | 16% | 19% | 8% | 9% |
| Религија | 7% | 6% | 11% | 6% |
| Самоостварување | 11% | 13% | 5% | 6% |
| Почитта за другите култури | 9% | 8% | 2% | 4% |
| Ниту една | 1% | 0% | 0% | - |
| Не знае | 1% | 1% | 0% | 2% |

Компарацијата на резултатите од Евробарометарот од март 2008 и последниот Евробарометар од октомври 2009, укажува на стабилна вредносна ориентација, како на домашната јавност така и на граѓаните на ЕУ. Водени од субјективна проценка, тие за најпожелни вредности на Европската Унија ги наведуваат: мирот, човековите права и почитувањето на човековиот живот. Имајќи предвид дека вредностите како стабилни и трајни диспозиции се воедно и најсилните несвесни двигатели на однесувањето на човекот, истата вредносна ориентација на граѓаните на нашата земја и на граѓаните на Унијата покажува дека, независно од местото и условите за живот, кај луѓето постојат базично исти потреби за личните и за општествено пожелните начини на однесување, дејствување и за конечната состојба на општеството и поединецот. Ваквата аналогија на добиените резултати покажува дека тежнението за интеграција на нашата земја во ЕУ има значајна поткрепа во вредносните ориентации кај граѓаните во земјава.

Значајно е да се истакне дека домашната јавност го рангира мирот највисоко на скалата на индивидуалните вредности (47%). Според својата индивидуална проценка, граѓаните на земјава на второ место ги поставуваат човековите права како важна вредност на Унијата (42%), на трето место е почитување на човековиот живот (37%) и на четврто владеењето на правото (35%). И покрај тоа што се повторно највисоко рангирани од страна на домашната јавност, резултатите од есенскиот Евробарометар 2009, споредени со оние од март 2008, покажуваат тренд на намалување на позитивното мислење во однос на овие аспекти на ЕУ. Индикативно е тоа што бројот на граѓани во земјава за кои мирот е најсилна вредност на ЕУ се намалил за цели 11 процентни поени во однос на претходното истражување (58%: 47%). Перцепцијата за еднаквоста на човековите права како вредност на Унијата се намалила за три процентни поени (46%: 42%), додека цели 5% помалку од домашната јавност, во однос на претходното истражување, го перцепираат вреднувањето на човековиот живот како вредност на европското семејство (42%: 37%). Слични се и резултатите добиени во однос на вреднувањето на владеењето на правото во ЕУ, каде што е забележан тренд на намалување од шест процентни поени (41%: 35%).

За европската јавност највисоко рангирана вредност на Унијата е почитувањето на човековиот живот, при што е регистриран тренд на пораст на ваквата перцепција на граѓаните за три процентни поени (41%: 44%). Благ тренд на намалување постои кај второ рангираната вредност, мирот (45%: 42%), како и кај трето рангираната вредност, човековите права (42%: 40%).

### 5.3. Кои вредности најдобро ја претставуваат ЕУ?

● **Релативно усогласена перцепција на вредносната слика за ЕУ кај домашната и кај европската јавност**

**Табела 17**

| QD8 Кои три од следниве вредности најдобро ја претставуваат ЕУ? | EU27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | Eb 69.2 | Eb 72.4 | Eb 69.2 | Eb 72.4 |
| Владеењето на правото | 22% | **26%** | 38% | **34%** |
| Почитувањето на човековиот живот | 14% | 15% | 26% | 23% |
| Човекови права | 37% | **37%** | 39% | **37%** |
| Индивидуални слободи | 11% | 14% | 16% | 16% |
| Демократија | 34% | **39%** | 36% | **35%** |
| Мир | 35% | **36%** | 36% | **38%** |
| Еднаквост | 13% | 12% | 15% | 17% |
| Солидарност,поддршка на другите | 15% | 17% | 16% | 17% |
| Толеранција | 10% | 10% | 11% | 9% |
| Религија | 3% | 3% | 5% | 4% |
| Самоостварување | 4% | 4% | 7% | 7% |
| Почитта за другите култури | 17% | 18% | 8% | 7% |
| Ниту една | 5% | 4% | 3% | 2% |
| Не знае | 11% | 8% | 5% | 5% |

Споредбата на резултатите меѓу пролетниот Евробарометар 2008 и есенскиот Евробарометар 2009 покажува дека во изминатиот период кај домашната јавност не дошло до значителна промена на проценката на вредностите коишто, според нив, најдобро ја претставуваат Европската Унија. Најсилни и најпожелни вредности кои ја карактеризираат ЕУ за нашите граѓани се: мирот (38%), човековите права (37%), демократијата (35%) и владеењето на правото (34%). Мала промена во хиерархиската поставеност на овие вредности постои во споредба со истражувањето во март 2008, кога за најзначајни вредности на ЕУ граѓаните ги истакнуваат човековите права (39%), владеењето на правото (38%), мирот и демократијата (36%). Ваквите резултати ја потврдуваат релативно стабилната перцепција на граѓаните за базичните вредности на Унијата. Од друга страна, пак, ваквата релативна доследност во одговорите е значаен индикатор за основните потреби кои ги имаат граѓаните на нашата држава, а кои се воедно и силен мотивациски фактор за што побрзо зачленување во Унијата.

Во земјите на ЕУ 27, во просек, 39% од граѓаните ја избрале демократијата како најважна вредност на Унијата, а следуваат човековите права (37%), мирот (36%) и владеењето на правото (26%).

Овие податоци покажуваат дека перцепцијата на вредностите на ЕУ кај просечниот граѓанин на Унијата е многу блиска со перцепцијата на граѓаните од земјава.

### 5.4. Колку државата се меша во животот на граѓаните?

**● Голем дел од домашната и од европската јавност смета дека државата се меша во животот на граѓаните**

**Графикон 8**




Анализата на резултатите покажува дека ставот на земјите на ЕУ во однос на ова прашање е прилично стабилен. Близу две третини од граѓаните оценуваат дека државата се меша во нивните животи. Овој став е најсилно изразен во Словенија (79%), Обединетото Кралство (77%) и во Унгарија (75%), каде што повеќе од три четвртини од граѓаните се изјасниле позитивно во однос на ова прашање. Најизразено несогласување во однос на тоа дека државата се меша во животот на граѓаните постои во Естонија (58% од граѓаните одговориле негативно), а следуваат Бугарија (51%) и Луксембург (50%).

Иако анализата покажува дека во нашата земја процентот на граѓани коишто сметаат дека државата се меша во нивните животи се намалил за три процентни поени во однос на јуни 2009 година (61%: 58%), сепак, повеќе од половина граѓани се изјасниле позитивно во однос на ова прашање. Една третина од анкетираните граѓани не се согласуваат, додека само 6% немаат изграден став во однос на ова тврдење.

**Социо-демографска анализа** покажува дека речиси две третини, или 63% од оние коишто се изјасниле потврдно, & припаѓаат на возрасната категорија од 40 до 54 години и 59% од нив имаат најмалку средно образование. Во однос на професијата, највисок процент граѓани кои сметаат дека државата се меша во нивните животи се менаџери (79%) и самовработени лица (64%). Скоро две третини или 63% од граѓаните кои се изјасниле потврдно во однос на ова прашање, го изразуваат своето незадоволство и загриженост од состојбата со националната економија, најчесто имаат проблеми со плаќањето на сметките и

59% од нив се рангираат себеси ниско на социјалната скала. Интересно е да се истакне дека во просек 64% од граѓаните кои го изразиле своето позитивно мислење дека државата се меша во нивните животи, сметаат дека државата се движи во погрешна насока. Индикативна е разликата од цели 14 процентни поени на ставовите во однос на ова прашање меѓу левицата (68%) и владејачката десница (54%). Повеќе од две третини од граѓаните кои сметаат дека државата значајно се меша во животот се жители на Пелагонискиот (76%) и на Полошкиот регион (73%).

### 5.5. Дали конкуренцијата е гаранција за просперитет?

**● Најголем дел од домашната и од европската јавност смета дека слободната конкуренција е гаранција за просперитет**

**Графикон 9**




Резултатите покажуваат дека во ЕУ27 две третини од граѓаните (66%) и натаму сметаат дека дефинираните правила и регулативи кои обезбедуваат фер и слободна конкуренција на пазарот, се услов број еден за економски просперитет на земјите во Унијата. Земји кои високо над просекот го поддржуваат ова гледиште се Естонија и Словачка со 79%, како и Германија и Летонија со 77%. Три четвртини (75%) од анкетираните граѓани на ЕУ кои се изјасниле позитивно во однос на ова прашање се задоволни и имаат доверба и во националната и во економијата на Унијата, а 72% проценти од нив истакнуваат дека се задоволни од животот и се позиционираат себеси високо на социјалната општествена скала.

Најсилно изразен негативен став во однос на ваквата економска политика на Унијата постои во Франција (39%), Грција (38%) и во Унгарија (36%).

Анализата на резултатите покажува дека повеќе од три четвртини од испитаниците во земјава (77%) веруваат дека слободната конкуренција е најдобрата гаранција за економски просперитет на земјата. Во земјава речиси е идентичен бројот на анкетирани кои не се согласуваат (12%) и на оние кои немаат изграден став во однос на ова прашање (11%). Важно е да се истакне дека процентот на граѓани кои силно веруваат во овој услов за економски развој е непроменет во однос на последното истражување спроведено во јуни 2009 година. Индикативно е тоа што ставот на домашната јавност дека отворениот пазар и слободната и фер конкуренција се најголема гаранција за економски просперитет на земјата е за цели 11 процентни поени поголема отколку кај граѓаните на ЕУ (77% наспрема 66%). Ваквите резултати укажуваат на високите очекувања на домашната јавност дека влезот во ЕУ ќе овозможи побрз економски просперитет на државата, а и ќе ги подобри стандардот и животот на граѓаните. Овие резултати произлегуваат и од општата атмосфера на загриженост која ја предизвика светската економска криза, но и од перцепцијата дека Унијата презема ефективни и брзи решенија за надминување на кризата во нејзините земји-членки.

**Социо-демографската анализа** покажува дека повеќе од три четвртини (81%) од анкетираните кои се изјаснуваат позитивно во однос на ова прашање се на возраст од 25 до 39 години, а 90% од нив се со најмалку средно образование. Во однос на професионалниот статус, повеќе од три четвртини се работници (87%), самовработени (86%) и менаџери (83%). Високи 87% од анкетираните граѓани се задоволни но и загрижени за иднината на националната економија, а 86% се задоволни од европската економија и имаат доверба во нејзината иднина. Интересно е дека 80% од граѓаните кои сметаат дека слободната конкуренција води кон економски просперитет, гледаат придобивки од членството во ЕУ, при што е индикативна разликата од седум процентни поени меѓу припадниците на левицата (85%) и на владејачката десница (78%). Повеќе од три четвртини од анкетираните граѓани кои се согласни со ова тврдење, живеат во Пелагонискиот (87%), Полошкиот (83%) и во Вардарскиот регион (82%).

## 6. Предизвици на глобализацијата

### 6.1. Фактори на глобалната моќ и влијание на земјите во светот

**● Политичкото влијание во сенка на економската моќ како фактор што ја одредува перцепцијата на глобалната моќ**

Резултатите од последното истражување на Евробарометарот, во сите 31 земја (вклучувајќи го и турскиот дел на Кипар) покажуваат дека граѓаните најчесто ја гледаат економската моќ на земјите (80%) како главен фактор на глобалната моќ и влијание на земјите во светот. На второ место е политичкото влијание (60%), двојно помалку анкетирани (32%) го гледаат влијанието на земјите во светот во нивната воена моќ, а најмалку анкетирани (15%) се определуваат за културните влијанија. Споредбата со резултатите од претходното истражување во јуни упатува на заклучок дека претставата за глобалната моќ на земјите во светот е постојана.

Во земјите на ЕУ27, свесноста за економската сила како главен фактор на моќ практично не се променила меѓу јуни и октомври (80%: 81%), перцепцијата на политичкото влијание се зголемила за три процентни поени (60%: 63%), перцепцијата на воената моќ останала непроменета, (30%), а најмал број анкетирани (14%:15%) сметаат дека културата е фактор на влијание во светот.

**Табела 18**

| **QB1** Кое од следниве нешта сметате дека е најважно при утврдувањето на глобалната моќ и влијанието во светот на една земја или група земји? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 72.4 октомври 2009 | ЕБ 71.3 јуни 2009 | ЕБ 72.4 октомври 2009 |
| Нејзината економска моќ | 80% | 81% | 84% | 86% |
| Нејзиното политичко влијание | 60% | 63% | 51% | 52% |
| Нејзината воена моќ | 30% | 30% | 30% | 33% |
| Нејзиното културно влијание | 14% | 15% | 18% | 18% |
| Друго | 1% | 1% | 1% | 2% |
| Ниедно | 2% | 1% | 2% | 0% |
| Не знае | 5% | 4% | 5% | 3% |

Погледите на домашната јавност за факторите на глобалната моќ се многу блиски до погледите на просечниот граѓанин во Унијата. Граѓаните во земјава исто така во најголем дел сметаат дека економската моќ најмногу ја одредува глобалната моќ на земјите во светот, но за околу пет процентни поени повеќе граѓани во земјава отколку во Унијата се определуваат за овој фактор (84%: 86%). Меѓутоа, кај домашната јавност постои тенденција во помала мера, за околу 10 процентни поени, во просек, (51%: 52%) во однос на Унијата, да се определува за политичкото влијание како фактор на глобалнота моќ на земјите во светот. Воената моќ е на трето место и во земјава (30%: 33%), а на четврто место е културата (18% во обете истражувања) како фактор на влијание во светот.

Деталната анализа на податоците покажува дека во сите 31 земја каде е спроведено истражувањето, економската моќ се наоѓа на прво место како фактор на влијание во светот, само варира процентот на испитаници кои се определиле за неа (Грција - 91% во обете истражувања, Шведска - 89%: 91%, Луксембург -

83%: 89%, Бугарија - 87%: 88%, Франција - 82%: 86%, Кипар - 89%: 87%. За економската моќ во релативно најмал број се определуваат во Италија - 77%: 73% и во Австрија 71%: 76%).

Сликата за факторите кои ја одредуваат моќта се разликува во другите две земји-кандидатки. Во Хрватска, слично како и во земјава, големо мнозинство (83%: 86%) ја истакнува економската моќ како еден од двата најважни фактора на влијание на влијание во светот. Наспроти тоа, тој број во Турција (68%: 71%) е значајно под просекот во Унијата.

Социо-демографската анализа покажува дека постои разлика меѓу мажите и жените во перцепцијата на факторите на глобалната моќ. Мажите се посклони да ја гледаат политиката како фактор на глобалното влијание во светот (54%), во однос на жените (51%). Мажите почесто се определуваат за воената моќ (36%) од жените (29%), но од друга страна жените почесто се определуваат за културните влијанија (20%) од мажите (16%). Припадноста на полот не влијае врз перцепцијата на економската моќ (85% мажи и 87% жени). И нивото на образование е фактор кој ја определува перцепцијата на факторите на глобалното влијание. Генерално, оние со пониско образование во помал број се определуваат за економската (79%) и воената моќ (35%), во однос на оние со повисоко образование кои во поголем број од просекот во државата се определуваат за економската (92%) и за воената моќ (39%). Политичката ориентација на анкетираните влијае на определувањата за факторите на глобалното влијание во светот. Припадниците кои се самоидентификуваат со десницата во поголем број се определуваат за политичкото влијание (64%) отколку анкетираните од левицата (52%) и од политичкиот центар (47%). Поддржувачите на левицата почесто (38%) го истакнуваат факторот на воената моќ отколку оние на десницата (31%). Најмногу за културата како фактор на влијание се определуваат оние кои се блиски на политичкиот центар (23%), во помал број оние на левицата (17%) и во најмал број поддржувачите на десницата (12%). Варијациите во определувањето на економската моќ како фактор на влијание се најмали: центар - 85%, десница - 86% и левица - 88%.

### 6.2. Фактори кои ја одредуваат моќта и влијанието на ЕУ

**● Балансот меѓу економскиот и политичкиот фактор ја одредува перцепцијата на глобалната моќ на Унијата**

**Табела 19**

| **QB2** А според ваше мислење, која од следниве работи најдобро ја карактеризира Европската унија? | **EU 27** | | **MK** | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 |
| Нејзината економска моќ | 70% | 73% | 75% | 78% |
| Нејзиното политичко влијание | 66% | 68% | 59% | 60% |
| Нејзината воена моќ | 16% | 17% | 22% | 26% |
| Нејзиното културно влијание | 21% | 21% | 20% | 17% |
| Друго | 1% | 1% | 1% | 3% |
| Ниедно | 4% | 3% | 3% | 2% |
| Не знае | 8% | 6% | 6% | 4% |

Перцепцијата на факторите кои ја одредуваат моќта и влијанието на ЕУ на глобалната сцена значајно се разликува од перцепцијата на факторите кои ја

одредуваат глобалната моќ на земјите во светот. Истражувањето покажува дека кога Европејците ги перцепираат факторите на глобалната моќ на Унијатата во светот, постои разлика од 4 до 5 процентни поени меѓу истакнувањето на економската моќ на ЕУ (70%: 73%) и политичкото влијание на ЕУ (66%: 68%). Додека кога ги перцепираат факторите на глобалната моќ на земјите во светот, разликата меѓу економската моќ (80%: 81%) и политичкото влијание (60%: 63%) е многу поголема и изнесува 18 до 20 процентни поени.

Тоа значи дека граѓаните ја гледаат ЕУ како фактор на глобалната сцена која се разликува од останатите и настојува да воспостави баланс меѓу економската моќ и политичкото влијание, за разлика од општоприфатениот концепт на меѓународни односи во светот кој првенствено се базира на економска моќ, а на второ место е политичкиот пристап во обезбедувањето на глобалната моќ и влијание во светот.

Друга значајна разлика во перцепцијата на ЕУ како фактор на светската сцена е податокот дека кај анкетираните во Унијата на трето место е културното влијание (21% во обете истражувања), а на четврто е воената сила (16%: 17%). Во просек, за 13 до 14 процентни поени помалку граѓани ја препознаваат Унијата како фактор на глобалната сцена низ призмата на воената моќ, споредено со перцепцијата на глобалната моќ на земјите во светот.

Специфично за перцепцијата на глобалната моќ на ЕУ е тенденцијата во одредени земји економскиот и политичкиот фактор да се изедначуваат или, пак, политичкото влијание да е на прво а економската моќ на второ место. Во табелата се прикажани податоци за сликата на глобалната моќ на ЕУ во земјите во кои има отстапување од генералниот шаблон во перцепцијата на факторите кои ја одредуваат глобалната моќ на земјите во светот.

**Табела 20**

| Перцепција на економскиот и политичкиот фактор кои ја определуваат глобалната моќ на ЕУ во светот | | |
|---|---|---|
| Земја | Економски фактор на влијание | Политички фактор на влијание |
| Република Чешка | 78% | 80% |
| Данска | 83% | 83% |
| Италија | 58% | 65% |
| Унгарија | 75% | 78% |
| Словенија | 73% | 76% |
| Словачка | 81% | 82% |
| Шведска | 88% | 86% |

Втора специфика за сликата на глобалната моќ на ЕУ во светот е давањето примат на културните влијанија во однос на воената моќ.

Културното влијание како фактор на глобалната моќ на Унијата во натпросечен број се перцепира во Франција (26%: 30%), Италија (30%: 34%), Кипар (24%: 34%), Малта (28%: 26%) и Австрија (27%: 25%).

Домашната јавност во најголем дел ја избрала економската моќ како фактор на глобалната моќ на ЕУ (75%: 78%). Следува политичкиот фактор (59%: 60%), воениот (22%: 26%) и културниот фактор (20%: 17%). Можеме да заклучиме дека шаблонот на перцепцијата на ЕУ во земјава е поблизок до оној на генералната претстава за глобална моќ отколку до шаблонот на перцепција на ЕУ како глобална сила. Во тој контекст, ЕУ во домашната јавност се перцепира како еден од факторите на глобалната моќ кој во основа не се разликува од останатите такви фактори во светот .

Социо-демографската анализа покажува дека на перцепцијата на факторите на глобалната моќ на ЕУ од страна на домашната јавност влијаат образованието и политичката ориентација на анкетираните. Анкетираните со пониско образование во помал број од просекот во државата ги гледаат економскиот (75%), политичкиот (54%) и културниот фактор (15%) и над просекот воениот фактор (30%). Оние, пак, со повисоко образование, натпросечно даваат одговори што се однесуваат на економскиот (84%), политичкиот (69%) и културниот фактор  (20%) и потпросечно одговори што се однесуваат на воениот фактор (19%). Шаблонот на перцепција на оние со повисоко образование е со тенденција да се приближи кон специфичната слика не ЕУ како глобална сила во светот која ги балансира економскиот и политичкиот фактор и слика каде културното влијание има предност пред воената моќ.

Во однос на перцепцијата на факторите кои ја одредуваат глобалната моќ, поддржувачите на левицата во помал број се определуваат за политичкиот фактор (62%), а во поголем број за воениот аспект на глобалната моќ на Унијата (30%) и културата (19%). Наспроти тоа, кај политичката десница, поголем број од просекот во државата се определуваат за политичкиот фактор на влијание (68%), а помалку за воениот (23%) и културниот (14%). Во однос на перцепцијата на економскиот фактор на влијание, нема значајни разлики (левица 79%: десница 78%).

### 6.3. Економски, социјални, безбедносни и културолошки аспекти на глобализацијата

**● Поголеми сличности отколку разлики на ставовите кон глобализацијата меѓу домашната и европската јавност**

Глобализацијата има непосредно влијание брз економските, социјалните, безбедносните, културните и други сфери на животот. Од таа причина, свесноста на граѓаните за импликациите од глобализацијата претставуваат посебно важно подрачје на социолошките истражувања. Најновиот Евробарометар покажува дека во 8 од 14 истражувани аспекти, ставовите на домашната јавност и јавноста во ЕУ се многу блиски. Но, има и подрачја каде тие значајно се разликуваат.

- <u>Подрачја на заеднички погледи на глобализацијата</u>

**Табела 21**

| **QB3** За секоја од следните изјави, кажете ми дали се согласувате или не се согласувате: | | | Се согласувам | Не се согласувам | Не знае |
|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата е можност за економски развој | **EU27** | јуни 2009 | 59% | 27% | 14% |
| | | окт 2009 | 61% | 26% | 13% |
| | **МК** | јуни 2009 | 66% | 19% | 15% |
| | | окт 2009 | 61% | 21% | 18% |
| Глобализацијата ги зголемува социјалните нееднаквости | **EU27** | јуни 2009 | 62% | 23% | 15% |
| | | окт 2009 | 60% | 26% | 14% |
| | **МК** | јуни 2009 | 64% | 18% | 18% |
| | | окт 2009 | 58% | 23% | 19% |
| Глобализацијата придонесува за мир во светот | **EU27** | март 2008 | 44% | 39% | 17% |
| | | окт 2009 | 49% | 38% | 13% |
| | **МК** | март 2008 | 53% | 31% | 16% |
| | | окт 2009 | 50% | 30% | 20% |
| Глобализацијата носи профит само за големите компании, не за граѓаните | **EU27** | март 2008 | 63% | 22% | 15% |
| | | окт 2009 | 64% | 25% | 11% |
| | **МК** | март 2008 | 62% | 20% | 18% |
| | | окт 2009 | 62% | 19% | 19% |
| Глобализацијата значи повеќе странски инвестиции во земјата | **EU27** | март 2008 | 57% | 26% | 17% |
| | | окт 2009 | 59% | 27% | 14% |
| | **МК** | март 2008 | 66% | 19% | 15% |
| | | окт 2009 | 59% | 21% | 20% |
| Глобализацијата придонесува за развој на посиромашните земји | **EU27** | март 2008 | 48% | 36% | 16% |
| | | окт 2009 | 49% | 39% | 12% |
| | **МК** | март 2008 | 52% | 33% | 15% |
| | | окт 2009 | 50% | 30% | 20% |
| ЕУ има доволно моќ и алатки за да ги одбрани своите економски интереси во глобалната економија | **EU27** | окт 2009 | 61% | 25% | 14% |
| | **МК** | окт 2009 | 60% | 16% | 24% |
| ЕУ им овозможува на граѓаните подобри придобивки од позитивните ефекти на глобализацијата | **EU27** | окт 2009 | 55% | 28% | 17% |
| | **МК** | окт 2009 | 55% | 20% | 25% |

Истражувањето покажува дека испитаниците и во Унијата и во земјава во голема мера се согласуваат дека глобализацијата претставува закана за

интересите на обичните граѓани. Анкетираните се согласни дека глобализацијата им носи профит само на големите компании, но не и на граѓаните (во земјава 62%: 62% - во ЕУ 63%: 64%) и дека глобализацијата ги зголемува социјалните разлики (во земјава 64%: 58% - во ЕУ 62%: 60%).

Постои голема согласност и за можностите што ги нуди глобализацијата за развојот на економијата во земјата. Мнозинството граѓани и во Унијата и во земјава се согласуваат дека глобализацијата е можност за економскиот развој (во земјава 66%: 61% - во ЕУ 59%: 61%).

Граѓаните се согласуваат дека глобализацијата овозможува повеќе странски инвестиции во земјата. Иако кај дел од граѓаните во земјава спласнал оптимизмот за нови инвестиции за седум процентни поени, а во Унијата пораснал за два процентни поени, последното истражување покажува дека и во земјава и во ЕУ, мнозинството има позитивен став кон глобализацијата, гледано од аспект на странски инвестиции (во земјава 66%: 59% - во ЕУ 57%: 59%). Секој втор анкетиран и во земјава и во ЕУ се согласува дека глобализацијата придонесува за развој на посиромашните земји (во земјава 52%: 50% - во ЕУ 48%: 49%).

Мнозинството граѓани сметаат дека ЕУ има капацитет ефикасно да ги штити интересите на земјите-членки и нејзините граѓани од негативните аспекти на глобализацијата. Во последното истражување, шестмина од 10 анкетирани сметаат дека ЕУ има моќ да ги заштити своите економски интереси (во земјава 60%, во ЕУ 61%). Сличен е ставот и за заштита на индивидуалните интереси (55% од анкетираните сметаат дека ЕУ помага европските граѓани да ги заштитат своите интереси од глобалната економија).

Во периодот меѓу двете последни истражувања, за пет процентни поени се зголемил бројот на граѓани кои сметаат дека глобализацијата придонесува за мир во светот (44%: 49%), а во земјава позитивното гледање на овој аспект на глобализацијата спласнал за три процентни поени (53%: 50%).

- <u>Подрачја на различни погледи кон глобализацијата</u>

**Табела 22**

| **QB3** За секоја од следните изјави, кажете ми дали се согласувате или не се согласувате: | | | Се согласувам | Не се согласувам | Не знае |
|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата бара постоење на заеднички правила во светот ("светско управување') | **EU27** | јуни 2009 | 73% | 14% | 13% |
| | | окт 2009 | 74% | 14% | 12% |
| | **МК** | јуни 2009 | 62% | 16% | 22% |
| | | окт 2009 | 63% | 16% | 21% |
| Европската Унија и САД ги имаат истите интереси кога станува збор за глобализацијата | **EU27** | март 2008 | 37% | 41% | 22% |
| | | окт 2009 | 44% | 37% | 19% |
| | **МК** | март 2008 | 63% | 18% | 19% |
| | | окт 2009 | 61% | 19% | 20% |
| Глобализацијата не заштитува од зголемување на цените | **EU27** | март 2008 | 22% | 61% | 17% |
| | | окт 2009 | 27% | 59% | 14% |
| | **МК** | март 2008 | 35% | 46% | 19% |
| | | окт 2009 | 33% | 47% | 20% |
| Глобализацијата претставува закана за националната култура | **EU27** | март 2008 | 39% | 45% | 16% |
| | | окт 2009 | 41% | 47% | 12% |
| | **МК** | март 2008 | 33% | 46% | 21% |
| | | окт 2009 | 30% | 48% | 22% |
| Глобализацијата им овозможува на луѓето да се поотворени за странските култури | **EU27** | март 2008 | 62% | 23% | 15% |
| | | окт 2009 | 66% | 23% | 11% |
| | **МК** | март 2008 | 60% | 20% | 20% |
| | | окт 2009 | 59% | 19% | 22% |
| ЕУ помага да се заштитат европските граѓани од негативните ефекти на глобализацијата | **EU27** | окт 2009 | 46% | 37% | 17% |
| | **МК** | окт 2009 | 55% | 19% | 26% |

Значајна разлика меѓу домашната и јавноста во ЕУ има во однос на ставот дека ЕУ и САД ги имаат истите интереси кога станува збор за глобализацијата. Големо мнозинство граѓани во земјава (63%: 61%) сметаат дека интересите на ЕУ и САД се истоветни. Јавноста во Унијата за 17 процентни поени помалку отколку јавноста во земјава се согласува околу истоветноста на интересите на ЕУ и САД (37%: 44%).

Мнозинството анкетирани во ЕУ сметаат дека глобализацијата бара постоење заеднички правила во светот (73%: 74%), а во земјава со тоа се согласуваат 11 процентни поени помалку (62%: 63%).

Значајна разлика меѓу погледите во домашната и во јавноста во ЕУ постои и во однос на влијанијата на глобализацијата врз културата. Европејците се убедени во поголем број дека глобализацијата им овозможува на луѓето да се поотворени за странските култури (62%: 66%), додека во земјава седум процентни поени помалку анкетирани се согласуваат со тој став (60%: 59%). Разликата е уште поизразена кога на глобализацијата се гледа како на закана за националната култура. Во Унијата 11 процентни поени повеќе анкетирани се согласуваат дека глобализацијата ја загрозува националната култура во однос на јавноста во земјата (ЕУ 39%: 41% - во земјава 33%: 30%).

Најмал број анкетирани се согласуваат дека глобализацијата штити од зголемувањето на цените. Во земјава 6 процентни поени повеќе анкетирани отколку во Унијата сметаат дека глобализацијата може да придонесе за намалување на цените (во земјава 35%: 33% - во ЕУ 22%: 27%).

### 6.4. Како општеството да се соочи со глобалните предизвици?

● **Јавноста единствена дека социјалната еднаквост и солидарност можат да ги ублажат негативните ефекти од глобализацијата**

Резултатите покажуваат единство на јавноста во земјава и во ЕУ во ставот дека најважни мерки кои општеството треба да ги преземе за да се ублажат негативните ефекти од глобализацијата се воспоставувањето социјална еднаквост и солидарност.

**Табела 23**

| **QB6** Од следниве работи, на кои две нешта би требало нашето општество да стави акцент за да се соочи со главните глобални предизвици? | EU 27 | | MK | |
|---|---|---|---|---|
| | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 | ЕВ 71.3 јуни 2009 | ЕВ 72.4 октомври 2009 |
| Заштита на животната средина | 36% | 37% | 30% | 32% |
| Социјална еднаквост и солидарност | 45% | 45% | 49% | 47% |
| Слободна трговија / пазарна економија | 31% | 32% | 48% | 49% |
| Културна разноликост и отвореност кон други | 14% | 16% | 13% | 12% |
| Прогрес и иновација | 35% | 33% | 22% | 23% |
| Традиции | 11% | 10% | 8% | 6% |
| Друго | 1% | 1% | 1% | 1% |
| Ниедно | 1% | 1% | 0% | 0% |
| Не знае | 5% | 4% | 4% | 4% |

Резултатите од двете последни истражувања покажуваат дека домашната јавност речиси еднаква важност им дава на слободната пазарна економија (48%: 49%) и на социјалната еднаквост и солидарност (49%: 47%). Граѓаните во земјава сé уште се соочуваат со последиците од транзицијата на кои сега се надоврзуваат и последиците од светската економска криза. Поради тоа, јавноста е почувствителна на заканата од продлабочување на социјалните разлики а, од друга страна, е свесна дека динамизирањето на економијата во услови на слободна пазарна економија е битен услов за надминување на неповолната економска состојба.

Помал број анкетирани во земјава (30%: 32%) отколку во Унијата сметаат дека општеството треба да стави акцент на заштитата на животната средина, и истотака помалку (22%: 23%) отколку во Унијата  го гледаат излезот во прогресот и иновацијата.

Од анкетираните во ЕУ, високи 45% и во обете последни истражувања сметаат дека солидарноста и социјалната еднаквост се нешта на кои општеството треба да стави акцент со цел да се намалат негативните ефекти од глобализацијата. На второ место тие ги рангираат заштитата на животната средина (36%: 37%), прогресот и иновацијата (35%: 33%) и слободната пазарна економија (31%: 32%), како мерки кои ќе стимулираат развој на економијата и на квалитетот на животот.

Индикативно е тоа што јавноста во Европа става помал акцент на културната разновидност (во земјава 13%: 12% - во ЕУ 14%: 16%) и традицијата (во земјава 8%: 6% - во ЕУ 11%: 10%). Овие резултати покажуваат дека јавноста и во Унијата и во земјава не ја доживува глобализацијата како потенцијална закана за губење на традициите и културниот идентитет.

Анализата на резултатите покажува дека и во земјите на ЕУ и во земјите-кандидатки постои конзистентност во ставовите кон потенцијалните негативни ефекти од глобализацијата. Тоа ги кристализира генералните насоки за делување со цел да се намалат негативните ефекти од глобализацијата.

Во хрватската јавност е прворангирана социјалната еднаквост и солидарност (55%: 56%), а следуваат слободната пазарна економија (39%: 41%), прогресот и иновацијата (32%: 29%) и заштитата на животната средина (25%: 22%). Во Турција, во последното истражување највисоко е рангирана социјалната еднаквост (37%: 38%), а следуваат прогресот и иновациите (41%: 31%) и заштитата на животната средина (23%: 25%).

## Заклучок

**- Климата во јавното мислење.** Во втората половина на 2009 се појавија првите сигнали дека рецесијата во големите светски економии е надмината, што поттикна надеж кај светската јавност дека на повидок е позитивен пресврт. Ваквите охрабрувачки знаци се одразија врз расположението на јавноста и во земјава и во Унијата. Истражувањето на Евробарометарот бележи општ тренд на пораст на оптимизмот во поглед на европската економија: пораст на оптимизмот од шест процентни поени во ЕУ (24%: 30%) и од четири процентни поени во земјата (37%: 41%).

Надежите на домашната јавност дека овие позитивни трендови ќе се рефлектираат и на локалната економија влијаеле на намалување за четири процентни поени на бројот на анкетираните кои сметаат дека невработеноста е еден од двата најголеми проблема во земјата (68%: 64%). И покрај ова значајно намалување, проблемот на невработеноста останува на првото место на листата на прашања кои ги загрижуваат граѓаните. Невработеноста останува на врвот на листата на проблеми во Унијата и во ЕУ27.

Сепак, перцепцијата на состојбата на националните економии останува песимистички интонирана. Со состојбата во домашните економии не се задоволни 74%, односно 75% од испитаниците во земјава и 75%, односно 78% во ЕУ.

Во периодот меѓу двете последни истражувања (јуни – октомври 2009), генерална тенденција во земјите опфатени со Евробарометарот е намалената склоност на јавноста да им верува на националните институции.

**- Влијанието на светската економска и финансиска криза.** Видлив е порастот на оптимизмот кај Европејците во однос на насоката во која се движат работите во Унијата. Бројот на оние кои сметаат дека работите се движат во правилна насока се зголемил од 34% на 40%, а на оние кои одговориле дека работите одат во погрешна насока се намалил од 35% на 28%.

Кај граѓаните во земјава се зголемува чувството на неопределеност во однос на правецот во кој оди земјата, најверојатно поради нејасната ситуација околу добивањето датум за отпочнување преговори за членство во ЕУ. Одговорите дека работите во земјата одат во правилна насока се намалиле за четири процентни поени (38%: 35%), а се намалиле и одговорите дека земјата оди во погрешна насока (од 43% на 34%) за сметка на зголемениот број одговори „ни во правилна ни во погрешна“ (16%: 26%) и зголемениот број на одговори „не знам“ (2%: 6%).

Во земјава има пооптимистична перцепција на трендовите на пазарот на трудот. Анкетираните во речиси ист број како и во претходното истражување (46%: 47%) оцениле дека влијанието на економската криза врз пазарот на трудот го достигнало својот максимум. За разлика од тоа, во јуни 25% од анкетираните сметале дека кризата го достигнала максимумот, а 64% дека најлошото допрва доаѓа.

Истражувањето укажува дека како последица од кризата, над половина од домаќинствата имаат егзистенцијални проблеми кои не им дозволуваат да планираат ништо во иднина, а околу една третина од домаќинствата се во состојба да прават планови за наредните шест месеци. Бројот на домаќинства кои можат да прават планови за наредните две години е најмал и го опфаќа секое осмо семејство.

Големо мнозинство граѓани се спремни да ги поддржат реформите од кои ќе имаат корист идните генерациии по цена да поднесат жртви за тоа. Околу 64%

анкетирани во земјава се согласуваат дека реформите од кои имаат корист идните генерации треба да се воведуваат дури и кога тоа значи сегашната генерација да жртвува одредени работи. Тој процент во ЕУ изнесува 71%.

Јавноста во Европа е поделена во оценките за тоа кој е најспособен да преземе ефикасни мерки против кризата. Во земјава, 24% сметаат дека најспособна за тоа е ЕУ, 22% - националната влада, 21% - САД, 8% - Г20 и 13% - ММФ. Во ЕУ, 22% за најспособна ја сметаат ЕУ, 19% националната влада, 18% - Г20, 12% - САД и 11% - ММФ.

**- Очекувања од иднината.** Перцепцијата на јавноста од понудената листа на фактори кои придонесуваат за поефикасно функционирање на Унијата во иднина, се фокусира на економските прашања (во земјава 31%: 36% - ЕУ 32%: 33%)

Да се стави помал акцент на парите и материјалните добра во животот во блиска иднина претпочитаат значително помал број анкетирани во земјава (44%: 43%) отколку во ЕУ, каде стабилно мнозинство претпочита таква ориентација во животот (56% во обете последни истражувања).

Кај Европејците и натаму четирипати повеќе граѓани (64% јуни: 61% октомври) со песимизам гледаат на иднината на долг рок и сметаат дека денешните деца ќе имаат потежок живот во однос на оние кои предвидуваат дека животот ќе им биде полесен (13% јуни: 15% октомври). Во земјава, песимистичките очекувања се намалиле за шест процентни поени (44% јуни: 38% октомври) и сега јавноста во речиси еднаков број смета дека децата ќе имаат полесен живот (34%) во однос на оние кои сметаат дека ќе имаат потежок живот (38%).

Најновиот Евробарометар покажува дека и покрај намалувањето за три процентни поени, мнозинството анкетирани во земјава (59%: 56%) сметаат дека децата што живеат во земјава би имале подобар живот доколку емигрираат во друга држава.

**- Погледите кон членството во ЕУ.** За големо мнозинство во земјава членството во ЕУ е добра работа (66%). Наспроти тоа, во другите две земји-кандидатки ЕУ не побудува позитивни чувства (Хрватска - 24% и Турција - 45%).

Три четвртини од граѓаните во земјава очекуваат придобивки од членството во ЕУ (75% во јуни: 76% во октомври). Тоа е случај со значително помалку граѓани на Хрватска (37%:36%) Турција (57%: 50%). Во земјите на ЕУ27, во просек, стабилно мнозинство (56%: 57%) оценува дека имаат бенефит од членството во Унијата.

Домашната јавност консензуално го поддржува проширувањето на ЕУ со нови членки (85%: 85%). Во ЕУ, иако јавноста сé уште е поделена, се подобрува климата во однос на поддршката на проширувањето. Резултатите од истражувањето покажуваат дека се зголемува поддршката за проширување (43%: 46%) за сметка на бројот на оние кои се противат на проширувањето (46%: 43%).

Динамиката на растот на позитивниот имиџ на ЕУ во земјава (59%: 65%) е поголема отколку просечниот раст во земјите-членки на ЕУ (45%: 48%). Во останатите две земји-кандидатки позитивниот имиџ на ЕУ опаѓа: Хрватска - 28%: 25% и Турција - 46%: 42%.

Домашната јавност (57%: 56%) и јавноста на ЕУ (42%: 46%) најчесто ја поврзува Унијата со слобода на патување, студирање и работа насекаде во ЕУ.

**- Вредности на ЕУ.** Повеќе од три четвртини од јавноста пројавува изразено позитивен став кон солидарноста (во земјава 85% - во ЕУ 84%) и безбедноста (во земјава 83% - во ЕУ 83%), издвојувајќи ги овие аспекти за хиерархиски најважни општествени вредности.

Во домашната јавност за најголем број анкетирани (47%) мирот е една од трите најважни вредности на ЕУ. На второ место се човековите права (42%) и на трето почитување на човековиот живот (37%). Кај Европејците, најголемо индивидуално значење имаат почитувањето на човековиот живот (44%), мирот (42%) и човековите права (40%).

Во изминатиот период кај домашната јавност не дојде до значителна промена на проценката на вредностите кои според нив најдобро ја претставуваат ЕУ. Најпожелни вредности за граѓаните се мирот (во земјава 38% - во ЕУ 36%%), човековите права (во земјава 37% - во ЕУ 37%) и демократијата (во земјава 35% - во ЕУ 39%).

Речиси идентичен број анкетирани и во земјава (61%: 58%) и во Унијата (61%: 61%) сметаат дека државата премногу се меша во нивните животи

**- Предизвиците на глобализацијата.** Економската моќ се смета за главен фактор на глобалната моќ на земјите во светот (во земјава 84%: 86% - во ЕУ 80%:81%). На второ место е политичкото влијание (во земјава 51%: 52% - во ЕУ 60%: 63%), а воената моќ, која е на трето место (во земјава 30%: 33% - во ЕУ 30%; 30%), е двојно попосочувана од културните влијанија (во земјава 18%: 18% - ЕУ 14%: 15%).

Специфично за перцепцијата на глобалната моќ на ЕУ е поизбалансираниот однос меѓу економската моќ (во земјава 75%: 78% - во ЕУ 70%: 73%) и политичките влијанија (во земјава 59%: 60% - во ЕУ 66%: 68%) од една страна, како и баланс меѓу воената моќ (во земјава 22%: 26% - во ЕУ 16%: 17%) и културните влијанија (во земјава 20%: 17% - во ЕУ 21%: 21%), од друга страна.

Поголеми се сличностите отколку разликите на ставовите кон глобализацијата меѓу домашната и европската јавност. Најновиот Евробарометар покажува дека во 8 од 14 истражувани аспекти, ставовите на домашната јавност и јавноста во ЕУ се многу блиски.

Јавноста во земјава и во ЕУ се согласни во ставот дека најважна мерка која општеството треба да ја преземе за да се ублажат негативните ефекти од глобализацијата е воспоставувањето социјална еднаквост и солидарност (во земјава 49%: 47% - во ЕУ 45%: 45%).

STANDARD EUROBAROMETER 72
TECHNICAL SPECIFICATIONS

Between the 23rd of October and the 18th of November 2009, TNS Opinion & Social, a consortium created between TNS plc and TNS opinion, carried out wave 72.4 of the EUROBAROMETER, on request of the EUROPEAN COMMISSION, Directorate-General for Communication, “Research and Political Analysis”.

